Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 20-2654/1
24-03-2025

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# НА

# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

2025-2027 година

Скопје

2025

СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 4
1.1. МИСИЈА ..... 6
1.2. ВИЗИЈА ..... 6
1.3. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ..... 6
1.4. СПЕЦИФИЧНОСТ НА МСПДМ ВО ОДНОС НА ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ..... 8
1.5. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ..... 10
1.6. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ ..... 12
1.7. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА МСПДМ ..... 12
1.8. НАЧЕЛА НА МСПДМ ..... 13
1.9. ПРОГРАМИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ..... 14
1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА ..... 15
1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА НА МТСП ..... 15
1.11.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ ..... 15
1.11.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ..... 17
1.11.3.ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 22
1.11.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 23
1.11.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА ..... 28
1.11.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2023 ГОДИНА ..... 29
1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА НА МСПДМ ..... 32
1.11.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ ..... 33
1.11.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ..... 34
1.11.3.ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 44
1.11.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 47
1.11.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА ..... 50
1.11.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МСПДМ ЗА 2024 ГОДИНА ..... 53
1.12. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА ..... 57
1.13. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МСПДМ ..... 162

Почитувани,

Министерството за социјална политика, демографија и млади, согласно своите надлежности ги обединува политиките поврзани со социјалната заштита, заштитата на децата и нивните семејства, социјалната сигурност на пензионерите, заштита од дискриминација, развојот на демографската политика и миграциите, развојот на политиката за млади, грижата за нивниот психофизичкиот развој, нивната вработливост, организирање и сл.

Министерството активно и во континуитет подготвува, предлага и имплементира закони, подзаконски акти, стратегии, мерки и активности, функционирање на ефикасни социјални институции, обезбедување на социјална сигурност на лицата во социјален ризик, пензионерите, децата и младите, обезбедување на поголема еднаквост помеѓу половите и заштита од секаков вид на дискриминација и сл. Креирањето на политиките, мерките и активностите, се темелат на сеопфатни анализи, состојби и трендови, на меѓународните стандарди и позитивните искуства во Европската унија. Стратешкиот план е документ во кој се утврдени програми, потпрограми, проекти, мерки и активности кои треба да се остварат, заради обезбедување на економска благосостојба со праведна распределба на животните можности, како и со обезбедување на избор во различни животни фази, имајќи ја во предвид јасно дефинираната мисијата и визијата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Очекувам имплементацијата на Стратешкиот план за периодот 2025-2027 година, со целосна посветеност на вработените, во целост да се реализира, со што ќе се придонесе за подобрување на состојбите во областа социјалната сигурност, пристоен животен стандард на сите граѓани, усогласување на законодавството со законодавството на ЕУ и исполнување на условите кои се поврзани со надлежностите на Министерството за социјална политика, демографија и млади за пристапување кон Европската унија.

**Скопје,**
**2025 година**

**Министер**
**Fatmir Limani**

# ВОВЕД

Министерството за труд и социјална политика (МТСП) согласно измените на Законот за организација на органите на државната управа, од средината на 2024 година, работи со новото име Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), со нови надлежности кои се наведени подолу[1].

Стратешкиот план на Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) за периодот 2025-2027 година, претставува пишан документ, општа рамка во кој се наведени главните карактеристики на министерството, како што се: мисија, визија, задачи и обврски на органот, специфичности на органот, организационата структура на министерството, организационите единици и органот во состав, приоритетните цели на МСПДМ, кои се во корелација со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 256 од 5.12.2023 година) и Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177 од 26.8.2024 година). Исто така, направен е осврт на постигнатите резултати за 2023 и на постигантите резултати за 2024 година. Во делот на матрицата се дефинирани основните програми, потпрограми и активности на МСПДМ. Стратешкото планирање, како сет од избор на активности, претставува организиран процес на колективни промени, кои опфаќаат цели, ресурси, критериуми за избор, структури, организациони, институционални и персонални односи, кои ја сочинуваат сржта на процесот.

Стратешкиот план, како основен инструмент, ги одразува приоритетите, целите и задачите на МСПДМ, кои се во согласност со стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ, за период на временска рамка од три години.

Овој стратешки план претставува водич на сите вработени во МСПДМ, во однос на исполнување на нивните задачи и обврски. Функцијата на самиот документ, имплицира потреба од анализа на програмите и потпрограмите, како и мониторинг на постигнатите

---

[1] Согласно член 27, став 4 од Законот за организација на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02, 82/2008, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19, 110/19, 154/19 и 121/2024): „Министерството за труд и социјална политика - работи како Министерство за социјална политика, демографија и млади. Министерот за социјална политика, демографија и млади во 2024 година продолжи да ги врши работите што се однесуваат на труд се до преземање на вработените во Министерство за економија и труд ( МЕТ). Кое превземање на вработените од страна на ( МЕТ) е завршено".

Согласно член 28 став 6 од истиот закон: „Вработените во Министерството за труд и социјална политика кои на 1 јуни 2024 година ги врши работите што се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените и платите и животниот стандард се преземаат во Министерство за економија и труд" и став 9: „Вработените кои ги вршат работите што се однесуваат за млади и соодветната опрема, инвентар и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањата на обврските, како и други средства од Агенцијата за млади и спорт што се однесуваат на млади се преземаат во Министерството за социјална политика, демографија и млади".

резултати. Консеквентно на тоа, се наметнува потреба од идни насоки за следните чекори кои треба да се преземат, со цел постигнување на посакуваните резултати на МСПДМ, кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ.

МСПДМ за фискалниот период 2025-2027 година, изготвува посебен Стратешки план за Управата за прашања на борците и воените инвалиди (УПБВИ), кој е орган во состав на министерството. Стратешкиот план на овој орган е во корелација со приоритетите и целите на Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 („Службен весник на РСМ", бр. 256 од 5.12.2023 година) и Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.

Реализацијата на програмите, потпрограмите и активностите кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ ќе овозможат:

- Имплементирање на развојна социјална сигурност, преку системите на социјалната заштита, социјалната инспекција, пензиското и инвалидското осигурување, заштитата на децата, демографски и младински политики, заштита на борците и на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства, согласно со постојните прописи на РСМ, консеквентно на современите текови на живеење, која е утврдена како дејност од јавен интерес, која ја остварува државата во согласност со начелото на социјална праведност. Имено, истата се имплементира преку систем на политики, мерки и активности за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот;
- Имплементирање на еднакви можности за мажите и жените, како и заштита, превенција од секаков вид на дискриминација;
- Апсорпција на претпристапните фондови на ЕУ (ИПА), програмите од Унијата на Заедницата, како и на следењето на заштитата на човековите права и слободи, во согласност со стандардите утврдени со Европската социјална повелба на Советот на Европа;
- Развивање на објективни, ефикасни, ефективни и усогласени стратешки документи, политики, вертикални и хоризонтални активности во органот, согласно со буџетскиот лимит, кој произлегува од Законот за буџетите, со цел да се придонесе за остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ, и
- Обезбедување на јакнење на административните и организациските капацитети во насока на спроведување на реформските процеси на јавната администрација и државните службеници, како и реформските активности кои се насочени кон постигнување на успех, подобрување на организациската ефикасност преку примена на внатрешната контрола, за обезбедување на регуларност, успешност во работењето, кое е усогласено со финансиското работење и законските прописи во државата.

### *1.1. МИСИЈА*

Креирање и спроведување на ефективни и одржливи политики за социјалната сигурност за секој граѓанин, за демографски раст и развој, за заштита на децата и на семејството и за поддршка на младите, за пензиско и инвалидско осигурување, за еднакви можности и за заштита и превенција од дискриминација, согласно со европските и со меѓународните стандарди и принципи.

### *1.2. ВИЗИЈА*

Проактивен и инклузивен систем за социјална сигурност и ефективна демографска политика, обезбедена и унапредена институционална поддршка за децата и за семејството, вклучени и активни млади во општествените текови, одржлив пензиски систем и сигурна пензија за секое лице, широк опсег на еднакви можности за граѓаните и општество без дискриминација, преку примена на европските и на меѓународните стандарди и принципи во националната законодавна и институционална рамка.

### *1.3. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ*

Министерството за социјална политика, демографија и млади, својата мисија ја остварува преку спроведување на следниве надлежности и тоа:[2]

- пензиско-инвалидското осигурување;
- социјалната политика;
- хуманата популациона политика заради усогласен економски социјален развој;
- правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница;
- односите меѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето;
- унапредувањето на рамноправноста на половите;

---

[2] 2 Согласно со член 28, точка 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РСМ", бр. 121/24)

- заштитата на децата и малолетните лица;
- заштитата на младината и жените;
- заштитата на лицата со пречки во развојот;
- заштитата на цивилните инвалиди од војната и на семејсвотото чиј хранител е на задолжителна воена служба;
- заштитата на борците од Антифашистичката војна и од сите национално ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можности за материјална и социјална егзистенција;
- планирање на семејството;
- семејството и децата;
- подготовката и развојот на демографската политика и политиката поврзана со миграциите;
- подготовка и развојот на политиката за млади;
- грижата за психофизичкиот развој на младите и нивната заштита;
- поттикнување и помагањето на формите на младинско организирање;
- преземањето активности за создавање услови за задржување во Републиката на способните и талентирани млади, како и создавање услови за стимулирање на нивното враќање;
- поттикнување на вработливоста на младите;
- надзорот од негова надлежност и
- врши други работи утврдени со закон.

Во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади е и Управата за прашања на борците и воените инвалиди. Воедно МСПДМ својата мисија ја остварува и преку:

• Развивање на административниот капацитет (финансиска служба, внатрешна ревизија, управување со човечки ресурси, ИТ и други административно - логистички функции), како и

- Развој и имплементација на ефикасни, ефективни, хоризонтално-вертикални стратешки план(ови), согласно со проектирани буџет.

## *1.4. СПЕЦИФИЧНОСТ НА МСПДМ ВО ОДНОС НА ДРУГИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА*

Специфичноста на МСПДМ во однос на другите органи на државната управа произлегува од фактот што креира единствени политики кои се однесуваат на:

- Прашањата од областа на: социјалната сигурност, демографија и млади, еднаквоста и рамноправноста меѓу половите. Политиките од наведените прашања се креираат и имплементираат во соработка со: Фондот на ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување, меѓународните организации- УНДП, УСАИД, Светската банка, Европската делегација.
- Правата на осигурениците на пензиското и инвалидското осигурување и на корисниците на пензиски бенефиции, се остваруваат во соработка со ФПИОСМ, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и здруженијата на пензионери;
- Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за водење на рамномерна популациона политика. Дејноста е од јавен интерес, се остварува преку обезбедување на определени права (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, додаток за образование и партиципација), средства и облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на децата и други облици за заштита на децата), преку установи за деца (јавни и приватни детски градинки и детски одмаралишта и преку вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца од правни и физички лица);
- Социјалната заштита се остварува низ развој и унапредување на системот за обезбедување на социјална сигурност на социјално и материјално загрозени лица, на лицата со попреченост, цивилните инвалиди, баратели на азил и бегалци; ги покрива проблемите од правна природа во бракот, семејството и вонбрачните заедници, односите меѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето; креира и развива проактивни мерки за социјално вклучување со кои се зајакнуваат потенцијалите и капацитетите на корисниците, а со тоа посредно се зголемуваат нивните можности за активно учество на пазарот на трудот, подобрување на општата добросостојба, со крајна цел, намалување на сиромаштијата; ги усогласува законските норми со актуелните социо-економски услови, во соработка со органите на државната управа; јавните установи

(меѓу општинските центри за социјална работа, установите за социјална заштита; Заводот за социјални дејности), ЕУ и УН Агенции; УНДП; и други меѓународни институции;

- Координација и развој на демографски политики, развој на алатки за управување и следење на демографски промени; поттикнување на соработка, координирање на процеси за имплементација на мерки за демографска ревитализација; создавање услови за подобрување на миграциското салдо, креирање на пронаталитетни политики, промовирање рамнотежа помеѓу родителството и работата; поттикнувачки мерки за развој на поволно опкружување за задржување, доселување и враќање на население.
- Креирање и спроведување на политика за млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите; зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога; промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување на одлуки и политики; поддршка и унапредување на младинското организирање; поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво; поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите, превенција и борба против болестите на зависности, криминал и други социопатолошки појави кај младите и подобар психофизички развој на младите.
- Активности на Управата за прашања на борците и воените инвалиди (во натамошниот текст: Управа), орган во состав на МСПДМ, се насочени кон обезбедување и остварување на правата на борците, воените инвалиди, на припадниците на безбедносните сили на РМ, на членовите на нивните семејства и на семејствата на паднатите борци, уредени со посебните прописи од областа на боречко инвалидската заштита. За потребите на овој орган на Управа, во состав на МСПДМ, се изготвува засебен стратешки план.
- Административниот капацитет од кој зависи успешното функционирање на МСПДМ, опфаќа внатрешни функции од заеднички интерес за целото Министерство (стратешко планирање, финансиски прашања, правни, нормативни, општи и заеднички прашања, човечки ресурси и внатрешна ревизија), кои се развиваат низ соработка со Агенцијата за администрација; Јавното правобранителство; Народниот правобранител; судовите; Државниот завод за ревизија; органите на управата; јавните установи; физичките и правните лица итн.

## *1.5. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ*

Министерството за социјална политика, демографија и млади согласно со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, организациски е поделено на[3]:

- 18 сектори
- 57 одделение

Во органот во состав, како организационен облик постои сектор со две одделенија.

Сектори во состав на МСПДМ се:

- Сектор за внатрешна ревизија (составен од 2 одделенија) и
- Сектор за управување со човечки ресурси (составен од 2 одделенија) .
- Сектор за стратешко планирање (составен од 2 одделенија)
- Сектор за финансиски прашања (составен од 4 одделенија);
- Сектор за правни, и нормативни, општи и заеднички работи (составен од 6 одделенија);
- Сектор за координација и техничка помош на министерот (составен од 5 одделенија);
- Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка (составен од 2 одделенија);
- Сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување (составен од 4 одделенија);
- Сектор за прекршоци од областа на работните односи и областа на безбедност и здравје при работа (составен од 2 одделенија)
- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување (составен од 3 одделенија);
- Сектор за еднакви можности (составен од 4 одделенија);
- Сектор за социјална заштита (составен од 5 одделенија) ;
- Сектор за децентрализација и развој на услуги од социјална заштита на локално ниво (составен од 2 одделенија);

[3] Согласно со член 28 точка 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РСМ", бр. 121/24), Министерството за труд и социјална политика работи како Министерство за социјална политика, демографија и млади.

- Сектор за заштита на децата и семејството (составен од 3 одделенија);
- Сектор за инспекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштита на децата (составен од 4 одделенија);
- Сектор за боречка и инвалидска заштита (Управа за прашање на борците и воените инвалиди), ( 2 одделенија);
- Сектор за ЕУ програми и фондови (составен од 3 одделенија)
- Сектор за млади (составен од 2 одделенија)
- Државен советник за стратешко планирање и меѓуресорска координација на проекти за реформи за јавната администрација;
- Државен советник за Креирање и развој на политики од област на Финансиски работи
- Државен советник за правни работи;
- Државен советник за координација и развој на демографски политики ;
- Државен советник за европски интеграции и меѓународна соработка;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на трудовото право и политики за вработување;
- Државен советник за креирање и развој на прекршочни политики од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на пензиското и инвалидското осигурување;
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на социјалната заштита ( 2 извршители);
- Државен советник за креирање и развојна политики од областа на еднакви можности ( 2 извршители);
- Државен советник за креирање и развој на политики од областа на заштита на децата;ржавен советник за развој и унапредување на инспекциските политики во социјалната заштита;
- Државен советник за млади;
- Државен советник за демографија и миграции.

## *1.6. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ*

Согласно со Законот за организација на органите на државната управа, во состав на МСПДМ е Управата за прашања на борците и воените инвалиди, која со досегашната систематизација на Министерството за труд и социјална политика, е составен од еден сектор со 2 одделенија. За овој орган во состав на МСПДМ, за прв пат за фискалниот период 2014-2016 година, се пристапи кон изготвување на посебен стратешки план.

## 1.7. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА МСПДМ

Како државен орган со изградена хиерархиска организација, дисциплина, висока култура, транспарентност, свест и традиција, ги негува и надградува следниве принципи и вредности:

1. Ефикасно, ефективно креирање и имплементација на политиките од доменот на социјалната сигурност, демографски и политики за млади, согласно со основните меѓународни принципи и стандарди, еднаквите можности во интерес на сите граѓани во општеството итн.;

2. Стручност, компетентност и резултати од работата, ќе претставува единствен услов за градење на кариера во доменот на МСПДМ;

3. Техничко – технолошка опременост за подобра, навремена и целосна имплементација на политиките во МСПДМ и организационите облици (институции), кои се во надлежност на овој орган на државна управа;

4. Одговорност и мотивираност на вработените за постигнување на подобри резултати во работењето;

5. Адекватно и реално планирање, развој и едукација на човечките ресурси;

6 Обезбедување на адекватни и соодветни услуги, согласно со надлежностите на МСПДМ, како сервис на граѓаните;

7. Бескомпромисна борба против корупцијата и сите облици на организиран криминал во доменот на МСПДМ и институциите кои се во негова надлежност;

8. Унапредување на меѓу секторската, меѓу институционалната, регионалната и меѓународната соработка за креирање, имплементација и следење на политиките и активностите на МСПДМ и институциите кои се во негова надлежност и

9. Изградена структурирана хиерархија, етика и дисциплина за вработените во МСПДМ и институциите кои се во негова надлежност.

## *1.8. НАЧЕЛА НА МСПДМ*

МСПДМ заедно со органот во состав и институциите од соодветните области, во своето работење ги има во предвид и се раководи од следниве начела:

- Владеење на правото подеднакво за сите, преку неселективна примена и спроведување на законите, на објективен начин без разлика на расна, национална, политичка, верска или полова припадност и независно од социјалниот статус на граѓанинот;

- Ефикасност, способност за идентификување и подобрување на социо-економската сигурност на граѓаните, подобрување на демографските и политиките за млади, преку преземање на навремени и проактивни мерки, со цел за нивно брзо надминување и ублажување, без несакани поголеми последици по сигурноста, стандардот на поединецот, групата и заедницата во општеството;

- Надзор над примената на законите во социјалната сигурност и еднаквите можности за сите во општеството;

- Заштита на човековите слободи и права, примена и гаранција во остварување на фундаменталните слободи и права на човекот и граѓанинот, кои се гарантирани со Уставот и законите на Република Северна Македонија, како и со меѓународни документи;

- Проактивност, спречување на можните ризици, постојана надградба и развој во доменот на социјалната политика, демографските и политиките за младите, со цел да се подобри социјалната сигурност за потребите на граѓаните во Република Северна Македонија;

- Сеопфатна вертикална и хоризонтална поврзаност, преку заедничко делување на сите чинители во државата, преку имплементација на сите законски расположливи политики, мерки и активности;

- Професионалност, висок степен на стручност и компетентност на човечките ресурси за извршување на работите во доменот на МСПДМ, органите во состав и институциите кои се во негова надлежност;

- Транспарентност, отвореност во работата, достапност на информациите, соработка со граѓанскиот сектор и компетентни институции (актери во процесите), меѓународни органи и институции, со цел да се креираат и имплементираат партиципативни политики, мерки и активности, кои се одраз на потребите на сите граѓани, кои се во надлежност на органите во состав и институциите на МСПДМ;

- Кооперативност, вертикална и хоризонтална соработка на сите актери кои се задолжени за подготовка и имплементација на законските, подзаконските акти, стратешките документи и следење на меѓународните текови и состојби;

- Тимска работа и солидарност за потребата од заедничко дејствување, преземање на заеднички обврски и заемна одговорност на сите вработени за политиките кои се креираат и имплементираат во надлежност на органите во состав и институциите под ингеренции на МСПДМ;
- Работна дисциплина и почитување на структурната хиерархиска поставеност и одговорно однесување кон работните задачи;
- Висок морал, морални вредности, принципи и правила, пропишани во Етичкиот кодекс на државната администрација и Правилата за однесување на државните и јавните службеници во согласност со важечките законски и подзаконски прописи;
- Континуиран развој и постојана посветеноста на политиките, мерките и активностите што водат кон напредок во овој домен и
- Отчетност и транспарентен однос во трошење на буџетските средства и одговорност за извршените услуги и задачи во надлежност на органите во состав и институциите под ингеренции на МСПДМ.

### *1.9. ПРОГРАМИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ*

МСПДМ за следниот тригодишен период ги постави следните програми и среднорочни цели, согласно со стратешките приоритети и целите кои произлегуваат од Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 („Службен весник на РСМ", бр. 256 од 5.12.2023 година) и Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177 од 26.8.2024 година):

1) Програмата: ДЕМОГРАФИЈА, МИГРАЦИИ И МЛАДИ
2) Програмата: СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
3) Програмата: ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА
4) Програмата: УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
5) Програмата: ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ- ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

**Приоритетни цели се:**

Дефинирани врз основа на: потребите на главните корисници на услугите; анализата на внатрешното и надворешното опкружување; актуелната социо - економска состојба; извештаите на меѓународните организации; Извештајот на Европската унија за

напредокот на РСМ; Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) во областите за пензиско и инвалидско осигурување, социјална заштита, социјална инклузија, демографски и политики за млади, антидискриминација, еднаков третман на жените и мажите, со цел исполнување на обврските за побрза интеграција на РСМ во ЕУ; обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација; обврските произлезени од Партнерството за пристапување; обврските произлезени од меѓународни договори и др. Истите подетално се дефинирани во матрицата на Стратешкиот план на МСПДМ за фискален период 2025-2027 година во точка 1.12.1 по одделни програми.

## *1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА*

Во овој Нацрт-Стратешки план во освртот на постигнати резултати во 2023 година, како и реазлизирани резултати за 2024. застапени се резултатите во однос на пазарот на трудот, но не и оние кои се однесуваат на младите (Агенција за млади и спорт).

## *1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА НА МТСП*

### 1.11.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ

**Оваа програма е составена од две потпрограми и тоа:**

- **Политики за вработување и**
- **Трудово право.**

**I.Политики за вработување**

**Реализирани активности во 2023 година:**

Подготвен Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година. За имплементација на програмите и мерките содржани во овој Оперативен план алоциран е вкупен буџет во износ од 1.780.000.000 денари (29 милиони евра), со што продолжува трендот на постојано зголемување на износот на средствата од државниот буџет наменети за активни мерки за вработување. Ова претставува дополнително зголемување на средствата во однос на 2022 година за повеќе од 1 милион евра (буџетот за 2022 година изнесуваше 1.715.000.000 денари).

Имплементација на мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година. Објавени се огласи за мерките за вработување.

Младинската гаранција е вклучена во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2023 година, со планирано вклучување на 10,000 млади лица на возраст од 15 до 29 години, на територијата на целата држава.

Изработен План за имплементација на Гаранција за млади за период 2023-2026 година, кој е усвоен од страна на Владата на РСМ.

Се подготви анализа за реализацијата на мерките и активностите од Гаранцијата за млади на територијата на државата, за 2022 година. Од 20.185 млади лица кои учествувале во ГМ во 2022 година, 42,9% ја завршиле Гаранцијата со успех, односно излегле од истата по 4 месеци од регистарција на ГМ, од кои 7.419 (36,8%) се вработиле, а 1.237 млади лица (6,1%) биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување. Успешноста на Гаранцијата за млади, изнесува 43%, што ја надмина прогнозата од 30% успех за наведениот период. Во Гаранцијата за млади беа вклучени и 1.423 Роми, како една од ранливите категории на пазарот на трудот.
Во 2023 година продолжиа активностите на одржување и дополнување на Моделот за преглед на занимања (www.zanimanja.mk).

Со користење на моделот ХЕРМАК за долгорочно прогнозирање на пазарот на труд во МТСП, се изготви информации за состојбите и долгорочни прогнози на пазарот на труд, со податоци заклучно со крајот на 2022 година.

Во 2023 година се направи ажурирање со нови податоци на постоечките 85 описи на замимања, а новиот опис на 10 занимања се во процедура на подготовка.

**II.Трудово право;**

**Реализирани активности во 2023 година:**

Во 2023 година продолжија консултации за финализирање на одредбите од новиот Закон за работни односи кој е во подготовка. Во рамки на инклузивниот процес на новиот закон, беше подготвена нацрт-верзија на Законот, по која беа одржани вкупно 10 јавни расправи во повеќе градови низ државата.

Се усвоија измените и дополнувањата на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.111/23, ) со кои се воведува можноста за работа во недела како и прекувремена работа подолго од осум часа во текот на една недела, повеќе од осум часа во просек неделно во период од три месеци и повеќе од 190 часа годишно.

Заврши имплементацијата на Twinning проектот „Зајакнување на заштитата на вработените во случај на несолвентност на нивниот работодавач" (ИПА). Со експертска поддршка обезбедена во рамките на овој проект, во РСМ се предвиде воспоставување на

механизам за соодветна заштита на правата од работен однос во случаи на несолвентност на работодавачите, во согласност со минималните барања утврдени во Директивата 2008/94/ЕС, како и со националниот социо-економски контекст во државата.

Одржани се консултациите со поголем број на субјекти во рамки на процесот на подготовка на новиот Закон за безбедност и здравје при работа. Се организаира презентација во однос на подготовката на законот и неговата содржина на последната седница на Советот за БЗР која се одржа 2023 година.

### 1.11.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

**Оваа програма е составена од четири потпрограми:**

- **Социјална заштита;**
- **Пензиско и инвалидско осигурување;**
- **Заштита на децата и**
- **Поддршка на развојот на Ромите.**

**I. Социјална заштита**

**Реализирани активности во 2023 година:**

Подзаконски акти:

- Правилник за функционалната проценка ( Службен весник на Република Северна Македонија бр.9/23)
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјални услуги и помош и нега во домот (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 75/23).
- Правилник за дополнување на правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за одмена на семејна грижа (Службен весник на Република Северна Македонија бр 113/23).
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација и реинтеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација (Службен весник на Република Северна Македонија бр 47/23) .

-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги живеење со поддршка (34/23)

Во 2023 година МТСП има реализирано јавен повик за обезбедување на средства за давање на социјални услуги од општините, градот скопје и општините во градот скопје како и јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги, со што се склучени 34 управни договори за социјални услуги.

Во 2023 година, Министерството склучи договори со лиценцирани даватели на услугата живеење со поддршка во Скопје, Велес, Неготино и Демир Капија, така што во системот на социјалната заштита функционираат 30 станбени единици за живеење со поддршка, во кои услугата живеење со поддршка се обезбедува од овластени даватели. Преку обезбедената поддршка од Делегацијата на ЕУ во Скопје за ЈУ Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје отпочна реконструкцијата на Центарот за социјални услуги, во кој ќе се даваат инегрирани социјални и рехабилитациски услуги за деца и лица со попреченост.

Во 2023 година продолжи реализацијата на програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица која има за цел да овозможи полесен пристап до автомобил на корисниците, а со тоа и нивна полесна мобилност и социјална вклученост во заедницата, преку обезбедени средства во висина од 3.000.000 денари.

Распоредувањето на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2023 година се направи согласно Програма за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри за 2023 година, за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на РСМ и Одлуката на Владата на РСМ, за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2023 година.

**Деинституционализација**

Во 2023 година беа воспоставени вкупно 7 станбени единици за живеење со подршка на лица со попреченост и тоа 4 во рамки на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци од Скопје и 3 станбени единици за живеење со поодршка за лица со попреченост кај лиценциран даватели на социјална услуга. Досега согласно Националната стратегија за деинституционализација "Тимјаник" 2017 -2027, а во имеплемтација на Законот за социјална заштита , воспоставени се 58 станбени едници за живеење со

поддршка на деца и лица со попреченост, од кои 27 станбени единици се воспоставени во рамки на трансфомираните социјални установи и тоа ЈУ Специјален Завод Демир Капија со 16 станбени единици, ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје со 4 станбени единици и ЈУ Завод за рехабилитација и здравствена заштита Бања Банско во Струмица со 7 станбени единици. Останатите 31 станбена единица се воспоставени и координирани од страна на 4 лиценцирани даватели на социјални услуги кои имаат склучени управен договор и се финансиски поддржани од МТСП, согласно донесената Одлука на цена за социјални услуги.

## II. Пензиско и инвалидско осигурување

**Реализирани активности во 2023 година:**

- Во 2023 година се продолжи со активноста секој месец да се изготвува и доставува Информација за исплата на пензии до Владата на РСМ. Целта на ваквата информација е предвремена исплата на пензија.

- Доставена е до Владата на РСМ Информација за работата на Советот за следење на состојбите пензискиот систем во 2022 година.

- Доставена е до Владата на РСМ Информација за преземени активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2022 година.

- Изготвен и донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утрдување на работните места на кои стажот се смета со зголемено траење („Службен весник на РСМ“ бр. 68/2023 од 28 март 2023 година). Правилникот е изменет согласно донесени Стручни мислења на Комисијата за ревизија на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење (Комисија за бенефициран стаж), формирана со решение на министер за труд и социјална политика бр. 09-7891/1 од 15.11.2022 година.

- Изготвен и донесен Правилник за образецот на барањето и потребната документација за утврдување на стаж на осигурување со зголемено траење, образецот на барањето и потребната документација за исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд, образецот на барањето и потребната документација за остварување на право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување, барањето и потребната документација за утврдување на инвалидност, образецот на предлогот за утврдување на инвалидност од надлежниот матичен лекар и предлогот за утврдување на инвалидност од лекарската комисија на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна

Македонија и образецот на предлогот на работодавачот за утврдување на инвалидност на осигуреникот („Службен весник на РСМ“ бр. 99/2023 од 12.05.2023 година).

-Донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РСМ“ бр. 79/2023), со кој се менуваат законските одредби кои ги уредуваат бодовите за плата на вработените на Фондот на ПИОСМ. Со овој закон се врши усогласување со Законот за административни службеници и Законот за минималната плата.

- Продолжија активностите од СИАП Проектот. До Владата на РСМ доставен е Предлог на Закон за регистар на задолжително социјално осигурување и Предлог на Закон за системот за проценки на лица со попреченост.

- До Министерството за надворешни работи доставени се иницијативи за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со нацрт текст на договор со Грција, Косово и САД.

- Разгледани се и постапено е по 20 барања за упатени работници од други држави на привремена работа на територијата на РСМ, МТСП како надлежен орган има издадено 11 согласности за упатени работници.

- Разгледани се вкупно 567 предмети од страна на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност односно неспособност за работа.

- Во Брисел се одржа билатералниот скрининг за Поглавје 3.02 *Слободно движење на работници.* Носител на Поглавјето е МТСП.

- Донесен е Законот за регистар на задолжително социјално осигурување („Службен весник на РСМ“ бр. 209/2023).

- Донесен е Законот за системот за проценки на лица со попреченост („Службен весник на РСМ“ бр. 209/2023) и

- Измена и дополнување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, согласно дадените забелешки од Државниот завод за ревизија.

## III. Заштита на децата

**Реализирани активности во 2023 година:**

Донесен е Правилник за изменување на правилникот за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование (Службен весник на РСМ, бр. 97 од 9.5.2023 година)

**Детски градинки**

Дадени се решенија за вршење на дејност згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на јавни установи за деца, објекти во состав, центри за ран детски развој, групи во други просторни услови и приватни детски градинки и тоа за:

- еден објект во состав на ЈОУДГ со капацитет за 52 деца;
- во пет објекти, направени се промени на капацитет во состав на ЈОУДГ со капацитет за 213 деца;
- три приватни детски градинки со капацитет за 124 деца и
- една промена на капацитет во ПДГ со капацитет за 29 деца.

**Проекти**

Информација доставена до Влада за проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2023 година.

- Донесена Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2024 година);
- Направена измена на Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година;
- Донесен Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата;
- Изготвен е предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата;
- Донеснена Одлука за начинот на наплата на износот за „ДЕТСКА НЕДЕЛА" во првата недела од месец октомври и
- Доставена е информација до Влада за проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2024 година.

**IV. Поддршка на развојот на Ромите**

Од септември 2023 година продолжи со реализација проектот Инклузија на деца Роми во ЈОУДГ во 21 општини, со вклучување на деца Роми во предучилишно образование ослободени родители од партиципација.

РИЦи продолжиа со работа согласно планот и задачите за работа, до крајот на годината.

Продолжиа активностите за Социјална инклузија на времено згрижените лица од ликацијата под Кале и создавање на можности за нивно самостојно домување.

РОМАКТЕД Програмата во 2023 година продолжува со поддршка на општините за имплементација на активности насочени кон подобрување на состојбата во ромските заедници на локално ниво.

Во 2023 година се одржа 9-та Меѓународна конференција за жената Ромка за време на претстојното претседавање на Република Северна Македонија со (ОБСЕ – 2023 ).

## 1.11.3.ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

**Оваа програма е составена од две потпрограми:**

- **Унапредување на родовата еднаквост и**
- **Превенција и заштита од сите форми на дискриминација.**

**I. Унапредување на родовата еднаквост**

**Реализирани активности во 2023 година:**

Реализирани се 8 јавни дебати за Предлог Законот за родова еднаквост;

Изработен Извештај за родово одговорно буџетирање за 2022 година;

Изработен Индекс за родова еднаквост во РСМ за 2022 година;

Реализирана е ТОТ обука со учесници од МТСП и министерствата за Родово одговорно буџетирање со поддршка од UN Women-20 учесници;

Реализирани обуки за 16 обучувачи за спроведување едукација на професионалците за мултисекторска соработка за справување со жртвите од семејно насилство и родово базирано насилство врз жените;

Реализирани обуки за 25 обучувачи за борба против трговија со луѓе за: трудови инспектори, инспектори од единицата за БТЛ од организиран криминал и социјални работници;

Усвоен Годишен извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во РСМ за 2022 година и

Годишен извешта за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година.

**II. Превенција и заштита од сите форми на дискриминација**

**Реализирани активности во 2023 година:**

Усвоен Акциски план за 2022 – 2024 година со проценка на трошоци за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година;

Реализирана првата конститутивна седница на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област;

Изработено драфт Упатство за државните органи за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација;

Изработен драфт Прирачник за државните органи за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација и

Спроведени обуки за 60 лица за примена на Упатството за државните органи за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација.

## 1.11.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Ова програма е составена од две потпрограми и тоа:**

- Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка и
- Инструмент за претпристапна помош.

**I. Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка и**

**Реализирани активности во 2023 година:**

Подготвен е редовен годишен извештај за напредокот на МК во процесот на пристапување во ЕУ (**придонес кон Извештајот на Европската комисија за МК**).

Се одржа **19-от состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика** помеѓу РСМ и ЕУ .

Одржан Поткомитет за правда, слобода и безбедност (17-ти состанок) во Брисел и дадени предлог заклучоци, кој се одржа на 15-16 март 2023.

Двесетиот состанок на Поткомитетот за економско- финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу ЕУ и РСМ, се одржа во 2023 година во Брисел.

Се реализира **билатералниот состанок за поглавје 3.19 Социјална политика и вработување** од кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст на 10-12 мај 2023.

Беше подготвен **годишниот извештај за 2022 за имплементација на (р) ЕСРП 2022**. ЕСРП се достави до Европската комисија, како еден од предусловите за исплата на новата транша на ИПА Секторскиот реформски договор „ЕУ за младите".

Се достави до Советот на Европа **Деветтиот извештај на МК за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба**, кој се однесува на членовите од Повелбата кои припаѓаат на третата тематска група „Трудово право ", т.е. членот 2, членот 4 (ставови 2, 3 и 5), членот 5, членот 6, членот 21, членот 26, членот 28, членот 29 кои ги има прифатено нашата држава со ратификацијата на Повелбата. Исто така , беше подготвен и доставен извештај за неприфатените одредби од Ревидираната Европска социјална повелба.

Претставник на РСМ учествуваше на редовниот состанок на Владиниот комитет за Европска социјална повелба во Совет на Европа.

До Советот на Европа се доставија ажурираните информации за системите за социјална сигурност (MISSCEO) во РСМ со состојба 1 јануари 2023, а за напредокот во системите на социјална заштита се извести на годишниот состанок на групата MISSCEO оддржан во јуни 2023 година.

Со Австрија продолжи спроведувањето на проектите што беа поддржани од австриското Министерство за социјални прашања, здравство, нега и права на потрошувачите во рамки на Повикот за финансирање проекти во земјите од Западен Балкан. Претставници на Министерството ги споделија македонските искуства за интегрирано давање услуги за ранливите групи заедно со Косово, Ерменија, Албанија, Молдавија, Украина и Црна Гора во на 7-8 февруари 2023, а зедоа учество на виртуелна обука за финансирање на социјалните услуги, но и на студиска посета во Австрија во јануари 2023.

Се склучи Меморандум за соработка помеѓу МТСП на РСМ и Министерството за труд, семејство, социјални работи и еднакви можности на Република Словенија во вработувањето, родовата еднаквост, политиките за социјална заштита и заштита на децата.

## II. Инструмент за претпристапна помош

**Реализирани активности во 2023 година:**

ИПА Акциската програма 2017 „ЕУ поддршка на образованието, вработувањето и социјалната политика" е во фаза на имплементација: се спроведуваат 16 од панираните 18 проекти во надлежност на МТСП и заврши имплементација на два проекти. Во следната табела е даден преглед на проектите според начинот на управување и сегашниот статус:

| **Индиректно управување**<br>(договорен орган: Сектор за централно финансирање и склучување договори/Министерство за финансии) | **Директно управување**<br>(договорен орган: Делегација на ЕУ) |
|---|---|
| Склучени договори:<br>• Техничка помош за подобрување на квалитетот за претшколско образование;<br>• Техничка помош за подобрување на условите за работа;<br>• Грант за активација на ранливите групи на пазарот на трудот;<br>• Градба и опремување на градинки во Тетово и Теарце и<br>• Надзор на градба. | Склучени договори:<br>• Техничка помош за подобрување на квалитетот на податоците и јакнење на креирањето на политиките *(завршен);*<br>• Грант за зајакнување на социјалниот дијалог *(завршен);*<br>• Два грант проекти за домување и социјално вклучување на Ромите;<br>• Техничка помош за модернизација и деинституционализација на услугите на социјална заштита;<br>• Три грант проекти за поддршка на деинституционализацијата во Специјалниот завод во Демир Капија;<br>• Техничка помош за поддршка на социјалните претпријатија;<br>• Два грант проекти за социјални претпријатија;<br>• Договор за опрема за подобрување на податоците во секторите образование, вработување и социјална политика. |

Во рамки на ИПА програмата 2017 „Вработување, образование и социјална политика" во 2023 година може да се издвои следново:

- Центрите за вработување во соработка со ЦСР изработија планови за активација над 6.452 корисници на гарантирана минимална помош. Над 2.222 невработени лица, вклучувајќи и корисници на гарантирана минимална помош беа вклучени во активни мерки за вработување, а околу 1059 користеа психосоцијална поддршка и околу 1017 лица користеа менторска поддршка.
- Се работеше на унапредување на моделот на лиценцирање на предучилишното кадар, вклучително и предлози за ревидирање на законската рамка. Се спроведоа работилници за новиот предлог модел за лиценцирање, 10 информативни

сесии за презентирање на добри практики на вклучување на родителите во активностите на градинките, а беше обезбедена и поддршка на 15 градинки за советувалишна работа со родителите на децата, посебно за оние од ранливи групи.

- Се подготви анализа и предлог на закон за работно ангажирање на лица во одредени дејности со кој ќе се уреди сезонската, привремената и повремената работа во секторите: Земјоделство, шумарство, рибарство; Објекти за сместување и сервисни дејности за храна; Дејности на домаќинството како работодавач и Градежништво-подготвителни работи. Се додели награда за работодавци од приватниот сектор за плотирање на мерки за усогласување на приватниот живот со работата на вработените. Финализирана е Методологија и ИТ алатка за прибирање и анализа на податоци и индикатори на неформалната вработеност и непријавената работа и спроведени две обуки за вработени лица од МТСП и ДИТ. Се подготвија предлози за изменување на Законот за здравје и безбедност при работа и подзаконски акт за воведување на картички за идентификација на работниците во градежниот секторт. Беше развиено и едноставно софтверско решение за изработка на унифицирана картичка за идентификација на работниците на градилиштата.
- Се подготвува предлог Закон за социјални претпријатија и предлози за поддршка на социјалните претпријатија.
- Се подготви четвртиот годишен извештај за имплементација на Аукциската програма 2017 и само оценката на критериумите за воведување на секторскиот пристап, врз основа на што средствата беа целосно исплатени во Буџетот на државата
- Се одржа шестиот состанок на Секторскиот комитет за следење на кој се разгледа напредокот во имплементација на програмата.

Во однос на ИПА програмата 2019, за акцијата „ЕУ за младите“ (Гаранцијата за млади), во мај 2023 беше поднесено барање за исплата на третата транша до Европската Комисија, на што претходеше подготовка на извештај за самопроценка, вклучително и извештај за спроведување на Планот за гаранција за млади за 2022, извештај за ревидираната ЕСРП 2022 и други документи.

Во однос на акцијата „ЕУ за инклузија“ продолжија активностите во рамки на дел од четирите грантови од грантовата програма „ЕУ за Ромите и лицата кои живеат во длабока сиромаштија“. Овие проекти се имплементираат за подобрување на условите за живот во ромските населби во Прилеп, Битола, Кичево, Штип и Берово.

Започна да се имплементира проектот за реконструкција и опремување на ЈУ Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје, во Топанско поле.

Во 2023 заврши спроведувањто на Твининг проектот „Подобрување на заштитата на вработените во случај на несолвентност на нивниот работодавач“, во кој се подготви анализа за воспоставување на гарантен механизам и проценка за воведување дополнителен надоместок, текст на предлог законски измени на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и се изработи патоказ од четири фази за воспоставување и имплементација на гарантниот механизам започнувајќи најрано почеток на 2025 година.

Како одговор на глобалната енергетската и ценовна криза и во насока на поддршка на мерките за справување со последиците, во текот на првиот квартал од 2023 година се продолжи со имплементацијата на ИПА 2023 програма „Отпорност и справување со енергетска криза“, чија имплементација е во периодот октомври 2022 – декември 2023 година.

Во првата половина на 2023 се одржаа една пленарни сесија на Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика“ . Предмет на дискусија беа Третиот извештај за самооценка на имплементацијата на акцијата „ЕУ за младите“ (ИПА 2019) и стратешките приоритети и цели како основа за планирање на ИПА III помошта за предложените проекти од Акциското фише „ЕУ за работни места и можности“. Втората пленарна сесија на Секторската работна група се одржа во ноември и беше посветена на приоритетите во секторот.

Во насока на програмирање на ИПА III помошта, во текот на март 2023 година се изработи Акциското фише „ЕУ за работни места и можности“ и НИПАК/СЕП го поднесе до службите на ЕК. Имено врз основа на позитивната оценка на предложените проекти во акциското фише беше изработена ИПА 2024-2027 Секторска оперативна програма (СОП) „ЕУ за работни места и можности“. Нацрт СОП, како дел од пакетот на оперативни програмки, НИПАК/ СЕП го поднесе до службите на ЕУ на почетокот на јуни 2023 година. Во текот на јули-септември 2023 година се изработуваа нацрт обрасци за идентификација на операции (ОИСи) за проектите од првата година по склучување на Финансиската спогодба (која согласно насоките на ЕК е планирано да се случи крајот на 2024 година).

Понатаму, врз основа на изработеното Акциско фише „ЕУ за фундаментални права“ за финансирање во рамки на програмската година 2024 од ИПА III помошта, во кое се предложени проекти за јакнење на услугите и меѓу-институционалната соработка за заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство и поддршка на правото на Ромите на домување, и врз основа на позитивната оценка на релевантноста на предложените проекти за финансирање, се изработи нацрт акциски документ НИПАК/ СЕП, во рамки на пакетот на програмски документи за програмската година 2024, го поднесе до службите на ЕУ на крајот на март 2023 година, за понатамошна оценка на проектите.

Во текот на мај 2023 година започнаа подготвителните активности поврзани со воспоставање на структура за управување со ИПА Секторска оперативна програма „ЕУ за работни места и можности“ 2024-2027 и подготовка на потребните документи за добивање на акредитација согласно Регулативата за имплементација на ИПА III помошта. Согласно одредбите од регулативата е планирано, ИПА структурата во МТСП да добие улога на Тело за управување, при што се наметнува потребата од ре-организација на Секторот за европска интеграција и меѓународна соработка во две посебни работни единици – сектори, од кои еден сектор со две одделенија со надлежности поврзани со европска интеграција и меѓународна соработка и втор сектор со надлежности поврзани со управување на ИПА III помошта за програмиње, имплементација, следење и обезбедување на квалитет.

## 1.11.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

**Ова програма е составена од две потпрограми и тоа:**

- **Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти и**
- **Развој на информатичката технологија.**

I. **Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти**

**Реализирани активности во 2023 година – објекти за детска заштита**

- Набавена, испорачана и монтирана опрема за детска градинка во Општините Берово, Прилеп, Крива Паланка, Велес и Кисела Вода
- Изведени градежни работи за доградба на објекти на детска градинка и набавена, испорачана и монтирана опрема за детска градинка во Општина Карпош 3- капацитет 100 деца и Општина Пробиштип- капацитет 74 деца; со средтства од Светска Банка во Општина Арачиново - капацитет 102 деца, Општина Липково - капацитет 102 деца, Општина Гостивар – капацитет 100 деца;
- Изведени градежни работи за проширување на постоечки простор на детска градинка и испорачана и монтирана опрема за детска градинка во Општина Росоман- капацитет 34 деца;
- Во тек се градежни работи за изградба на детски градинки, набавка, испорака и монтажа на опрема во: Општина Чаир- капацитет 350 деца; детска градинка во Општина Свети Николе, с. Ерџелија, капацитет 69 деца; Општина Делчево- капацитет 130 деца; во Општина Могила- капацитет 36 деца – поради интервенција од страна за Завод за заштита на споменици во Битола, градбата е привремено застаната, а со сретства на Светска Банка во Општина Битола, капацитет 149 деца;
- Во тек се градежни работи за доградба на објект на детска градинка во Општина Гевгелија, капацитет 135 деца; Општина Карбинци, с. Таринци-капацитет 51 деца и Општина Дебар,-капацитет 62 деца и
- Во тек се градежни работи за адаптација на простор во детска градинка во Општина Битола- капацитет 80 деца.

\- <u>Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка (ИПА II)</u>

- Изградба и опремување на детска градинка во Тетово, капацитет 165 и Теарце капацитет 155 деца-во тек

**Реализирани активности во 2023 година – објекти за социјална заштита**

- Изведување на градежни работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во општина Кавадарци – комплетирање на документација од страна на О. Кавадарци- во тек;
- Изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект број 4 во ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки" – Берово – градежни работи во тек;
- Изведување на градежни работи за адаптација на простор за дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост во Општина Македонски Брод –во тек и
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен Центар за лица со телесна и ментална попреченост во општина Македонски Брод, опрема за сензор соба во дневен центар за деца со телесна и ментална попреченост во рамки на ООУ „Петар Мусев" во Богданци и ООУ „Кирил и Методиј" во с. Стојаково –во тек.

## II.Развој на информатичката технологија

**Реализирани активности во 2023 година:**

Склучени договори за: одржување на серверска инфраструктура во МТСП; превентивно одржување на агрегатот за производство на електрична енергија; сервисирање и одржување на персонални компјутери, мултифункциски уреди, печатачи, скенери и свичови во МТСП; одржување на апликацијата за избор на посвоител по електронски пат; одржување на софтверот во Управата за прашања на борците и воените инвалиди; одржување на апликацијата за евиденција на работното време; одржување на информациониот систем за педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој и набавка на SSL сертификати за веб сајтовите на МТСП.

## 1.11.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МТСП ЗА 2023 ГОДИНА

**Извршување на Буџетот и управување со средства**

**Реализирани активности во 2023 година:**

Реализацијата на Буџетот се одвива со предвидена динамика на заостанатите и преземени обврски од 2022 година, редовни исплати на надоместоците според програми и потпрограми, врз основа на кои е донесен и усвоен Буџетот на МТСП за прва и втора буџетска линија.

Реализацијата се сдвиваваше со предвидена динамика на преземени обврски за 2023 година и тоа:

- Исплата на права од социјална заштита; Гарантирана минимална помош ГМП; Надоместок заради попреченост; Траен надоместок; Социјална парична помош; Паричен надоместок за помош и нега од друго лице; Постојана парична помош; Еднократна парична помош и помош во натура; Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот; Додаток за мобилност и слепило; Додаток за глувост; Сместување во загрижувачко семејство; Право на здравствена заштита; Цивилна инвалиднина; Парична помош за социјално домување; СПП Азиланти; Азиланти домување; Парична помош за згрижувач; Парична помош за студирање; Парична помош на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа; Субвенции за електрична енергија; Исплата на права од заштита на децата; Детски додаток; Посебен додаток; ЕПП за новороденче; Родителски додаток за дете; Додаток за образование; Партиципација; Исплати чија основаност е во соодветни програми со одредена намена; Трансферите кон ПИОМ и АВРМ; Трансферите за Фондот за здравствено осигурување; Поврат на придонесите од плати за заштитните организации кои имаат вработено инвалидни лица; Исплата на средства по основ на закон од областа на законот за боречко инвалидска заштита; Бесплатно зимување на деца од социјален ризик; Плати и надоместоци за вработените; Плати и надоместоци за ЈУ МЦСР-ти и Јавни установи, Блок дотации за старски домови (плата и материјални трошоци); Плата за детски градинки и материјални трошоци за детските градинки; Материјални трошоци, тековно инвестиционо одржување и други исплати предвидени со Буџетот и буџетските планови; Исплата на комисии; Исплата на проекти; Подготовка на налози за исплата на права за домување и сместување на внатрешно раселени лица; Финансирање на годишни активности на Црвен Крст; Финансирање на годишни програмски активности на Национален совет на инвалидски организации на Македонија, националните инвалидски организации и Национално координативно тело за еднакви права на лица со инвалидност од приходите од игри на среќа и од забавни игри; Исплата на Центар за помош на лица со ментален хендикеп ПОРАКА-НЕГОТИНО, Финансирање на Проект на здружение на граѓани за заштита на жртви на семејно насилство; Проект Центар за интеграција на бегалци и странци финансиран од УНХЦР; Исплата на здравствена заштита за корисници од социјална заштита и за корисници со статус на бегалци; Исплата на паричен надомест за финансиска помош (за корисници на минимална плата); Поврат на средства од трансакциските сметки на корисници на права; Пренасочување на средства од трансакциските сметки на корисници на права; Исплата на помирувачи (арбитри) во врска со мирно решавање на работни спорови; Денарска и девизна благајна и бензински бонови за ПРОЕКТИТЕ на МТСП.

**Управување со човечки ресурси**

**Реализирани активности во 2023 година:**

- Во првата половина на 2023 година се реализираа следните активности: Со престанок по основ на пензионирање одјавени се 4 вработени; Со престанок на работен однос по основ на спогодбен престанок, по барање на вработен, одјавени се 5 вработени; По основ на отказ од работодавач одјавен е 1 вработен; Реализирани се 7 нови вработувања.
- Изработени и доставени се извештаи за реализирани обуки и реализирани вработувања и унапредувања за втората половина од 2022 година, во законски предвидениот рок.

## Внатрешна ревизија

**Реализирани активности во 2023 година:**

- Изготвен е Годишен извештај за Внатрешна ревизија кој е составен дел од целосниот извештај за МТСП за 2022 година,
- Спроведено е квартално следење на дадени препораки и извешти до Сектор за стратешко планирање;
- Извршена е ревизија на постапката за остварување на право на додаток за образование за 2022 година во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар;
- Извршена е ревизија на постапката за остварување на право на социјална сигурност за старите лица во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес;
- Извршената вонредна ревизија (Ад Хок) во Државен инспекторат за Труд;
- Извршена е ревизија на системот за внатрешна контрола во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за ИПА II;
- Следење на дадените препораки во 2023 година и
- Изготвен е Стратешкиот план за внатрешна ревизија во МТСП за периодот 2024-2026 година и Годишниот план за внатрешна ревизија во МТСП за 2024 година.

## Правни, општи и заеднички работи

**Реализирани активности во 2023 година:**

Изготвени се одлуки, решенија, договори, спогодби, посебни договори по член 252 од ЗРО, решенија за отпремнина, слободни денови по основ на закон и колективен договор, известувања и наредби за вработени, решенија за именување и разрешување на

директори и в.д. директори на ЈУМЦСР и Установи од областа на социјалната заштита во РСМ, полномошна, овластувања и други акти кои произлегуваат од секојдневната работа, приговори против налози за извршување, одговори на тужби, жалби и други правни поднесоци од трети лица и вработени, одговори на платни налози по барање на Државното правобранителство на РСМ, тужби и жалби во кои МТСП е страна во спорот, кривични предмети по барање на ОЈО, иницијативи и преставки од ОЈО, Народен правобранител, Хелсешки комитет и други институции.

Изработени се одлуки за давање на трајно и времено користење на движни и недвижни ствари, сопственост на РСМ, со корисничко право или на МТСП или на други институции и одлуки за отпис на движни ствари сопственост на МТСП согласно закон. Дадени се правни мислења по побарани мислења од страна на Влада на РСМ.

Изработени се тековни документи и предмети поврзани со правни работи во секторот (барања, потврди, известувања, претставки и одговори на претставки и сл.)

Изготвени се: Листа на архивска граѓа од трајна вредност, листа на документиран материјал со рокови на негово чување, овластувања за ракување и работа со печати и штембили согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење, како и овластувања за отворање на пошта, План за архивски знаци за распоредување на актите, овластувања за ракување и работа со печати и штембили согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење, како и овластувања за отворање на пошта, Одлука за извршување на попис и формирање на комисии за попис, со состојба на ден 31.12.2022 година, Решенија за формирање на Комисии за попис на движни и недвижни ствари кои ги користи МТСП и органите во состав на МТСП, Решение за формирање на пописна комисија на побарувања и обврските и активните и пасивните временски разграничувања, Решение за формирање на Централна пописна комисија, Програма за неработни денови.

Изготвени се Извештаји за Преставки и предлози до МИОА за периодите од 01.01-30.06 и 01.07-31.12.2022 година.

## *1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА НА МСПДМ*

Согласно член 28 од ЗОРОДУ, став (6): „Вработените во Министерството за труд и социјална политика кои на 1 јуни 2024 година ги вршат работите што се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените и платите и животниот стандард се преземаат во Министерство за економија и труд“ и став (9): Вработените кои ги вршат работите што се однесуваат за млади и соодветната опрема, инвентар и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањата на обврските, како и други средства од Агенцијата за млади и спорт што се однесуваат на млади се преземаат во Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

### 1.11.1. ПАЗАР НА ТРУДОТ [4]

**Оваа програма е составена од две потпрограми за периодот на првото полугодие[5] и тоа:**

- Политики за вработување;
- Трудово право и

**I. Политики за вработување**

**Реализирани активности во првата половина од 2024 година:**

Имплементација на мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година. Објавени се огласи за најголем дел од мерките за вработување и во тек е нивна имплементација.

Се продолжи со имплементација на Планот за Гаранција за млади 2023-2026 година. Исто така, во извештајниот период се продолжи со имплементација на Планот за имплементација на Гаранција за млади (ГМ) за период 2023-2026 година. Во текот на 2024 година низ целата земја, односно во извештајниот период беа вклучени вкупно 12.255 лица (6.024 жени), од кои 3.568 се вработени и 788 лица беа вклучени во некои од активните мерки за вработување кои не водат кон директно вработување, но ја зголемуваат нивната вработливост. Според податоците и резултатите, успешноста на Гаранцијата за млади, во извештајниот период, изнесува 35.5%, што ја надмина прогнозата од 30% успех за наведениот период..

Во првата половина на 2024 година се направи ажурирање со нови податоци на постојните 85 описи на занимања, а описот на 10 нови занимања се во процедура на подготовка.

**Планирани активности во втората половина од 2024 година:**

Продолжување со имплементација и успешна реализација на мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година.

Подготовка на нов Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година.

Продолжување со имплементација на Планот за Гаранција за млади 2023-2026 година.

---

[4] Согласно измените на ЗСРОДУ, Секторот за труд/овие активности преминаа во Министерството за труд и економија

[5] Согласно измените на ЗОРОДУ, од второто полугодие активностите на оваа програма преминаа во Министерството за труд и економија

Усвојување на новиот Акциски план за вработување 2024-2027 година со извештај за реализација на активности 2021-2023 година.

Подготвен опис на 10 нови занимања.

## II. Трудово право

**Реализирани активности во првата половина од 2024 година:**

На крајот на 2023 година, во владина процедура влезе Предлогот на Закон за поедноставено работно ангажирање на работници за сезонска, привремена и повремена работа во одделни дејности.

Со оглед на фактот што првата половина на 2024 година беше период на Техничка Влада, со предизборен и изборен период, во областа на трудовото право не беа реализирани други активности, како финализирање на текстот на новиот Закон за работните односи, ниту пак се одвиваа консултации за новиот Закон за безбедност и здравје при работа.

Во март беше објавена висината на минимална плата за Република Македонија за 2024 година.

**Планирани активности во втората половина од 2024 година:**

Ќе продолжат консултациите со засегнатите страни во однос на финализирање на текстот на новиот Закон за работните односи.

Ќе продолжат и активностите за подготовка на текстот на новиот Закон за безбедност здравје при работа.

Ќе се донесе Закон за поедноставено работно ангажирање на работници за сезонска, привремена и повремена работа во одделни дејности.

### 1.11.2. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ

**Оваа програма е составена од четири потпрограми:**

- **Социјална заштита;**
- **Пензиско и инвалидско осигурување;**
- **Заштита на децата и**
- **Поддршка на развојот на Ромите.**

## I. Социјална заштита

**Реализирани активности во 2024 година:**

Подготвена и донесена Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон семејна заштита, за стручна помош и заштита, за дневен престој, за привремен престој, на советување и за одмена на семејна грижа.

Министерството има реализирано јавен повик за обезбедување на средства за давање на социјални услуги од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје како и јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги.

Во 2024 година Министерството има склучено 61 управен договор за давање на социјални услуги.

- терцијарни услуги на советување
- лична асистенција
- помош и нега во домот
- дневен престој- на лица со попреченост и со индивидуален третман
- дневен престој- стари лица со активно стареење
- дневна услуга на рехабилитација и реинтеграција/ ресоцијализација

Во 2024 година продолжи реализацијата на програма за рефундирање на средства- платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со: тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица, која има за цел да овозможи полесен пристап до автомобил на корисниците, а со тоа и нивна полесна мобилност и социјална вклученост во заедницата, преку обезбедени средства во висина од 4.000.000 денари.

Се направи распоредувањето на приходите од игри на среќа и од забавни игри во висина од 80.000.000 денари, согласно Програма за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри за 2024 година. Средствата се наменети за финансирање на: програмските активности на националните инвалидски организации во висина од 66.000.000 денари, нивните здруженија и асоцијација, како и на здруженија за борба против семејно насилство. Остатокот од тие средства беа распределени на Црвениот крст на РСМ за реализација на нивните тековни активности.

Распределбата на овие средства се изврши согласно Одлуката на Владата на РСМ, за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2024 година.

Направени се измени и дополнување на Законот за социјална заштита, Законот за социјална сигурност за старите лица, Законот за употреба на знаковниот јазик, законот за инвалидски организации, Законот за вработување на инвалидни лица како и измени на подзаконските акти во насока на усогласување со Закон за организација на органите на државната управа.

**Деинституционализација**

До 2024 година беа воспоставени вкупно 7 станбени единици за живеење со поддршка на лица со попреченост и тоа: 4 во рамки на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци од Скопје и 3 станбени единици за живеење со поддршка за лица со попреченост кај лиценциран даватели на социјална услуга. Досега согласно Националната стратегија за деинституционализација "Тимјаник" 2017 -2027, а согласно Законот за социјална заштита , воспоставени се 56 станбени едници за живеење со поддршка на деца и лица со попреченост, од кои: 25 станбени единици се воспоставени во рамки на трансформираните социјални установи и тоа ЈУ Специјален Завод Демир Капија со 16 станбени единици, ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје со 4 станбени единици и ЈУ Завод за рехабилитација и здравствена заштита Бања Банско во Струмица со 5 станбени единици. Останатите 31 станбена единица се воспоставени и координирани од страна на 4 лиценцирани даватели на социјални услуги, кои имаат склучени управен договор и се финансиски поддржани од МТСП, согласно донесената Одлука на цена за социјални услуги. Фокусот на процесот на деинституционализација во 2024 година беше пренасочен кон трансформација на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје да прерасне во давател на социјални услуги ориентирано кон индивидуалните потреби на корисниците, која е во финална фаза.

## II. Пензиско и инвалидско осигурување

**Реализирани активности во 2024 година:**

Во 2024 година се доставена е до ВРСМ Информација за преземени активности во врска со склучување на билатералните договори за социјално осигурување во 2023 година со други држави односно за активностите преземени од страна на Комисијата за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување.

Согласно Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани ( „ Службен весник на Република Северна Македнонија" бр.269/23) на корисниците на пензија кои се државјани на РСМ се ислати финансиска

поддршка за период од пет месеци, започнувајќи од месец декември 2023 година и тоа: 3000 денари месечно за корисници на пензија во висина не поголема од 14.000 денари, 2000 денари месечно на корисници на пензија во висина не поголема од 14.001 до 16.000 денари и 1500 денари за корисници на пензија во висина не поголема од 16.001 до 19.000 денари.

Изготвен и донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утрдување на работните места на кои стажот се смета со зголемено траење („Службен весник на РСМ“ бр. 1968/20243 од 28 март26 јануари 2024 година). Правилникот е изменет согласно донесени Стручни мислења на Комисијата за ревизија на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење (Комисија за бенефициран стаж), формирана со решение на министер за труд и социјална политика бр. 09-7891/1 од 15.11.2022 година.

Изготвен и донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утрдување на работните места на кои стажот се смета со зголемено траење („Службен весник на РСМ“ бр. 119/2024 од 06 јуни 2024 година). Правилникот е изменет согласно донесени Стручни мислења на Комисијата за ревизија на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење (Комисија за бенефициран стаж), формирана со решение на министер за труд и социјална политика бр. 09-7891/1 од 15.11.2022 година.

Изготвен и донесен Правилникот за критериумите за назначување и разрешување на координаторот и членовите во Работното тело за имплементација на регистарот за задолжително социјално осигурување, нивните права, должности и одговорности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/24).

Проектот за администрирање на социјалното осигурување - СИАП проект (Social Insurance Administration Project) тековно продолжија активностите и во 2024 година. Врз основа на член 35 став (4) од Законот за регистар на задолжително социјално осигурување и Правилникот за критериумите за назначување и разрешување на координаторот и членовите на работното тело за имплементација на Регистарот за задолжително и социјално осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/24), се формира Работното тело за имплементација на Регистарот на задолжително социјално осигурување РЗСО со решение на министерот за труд и социјална политика бр. 09-1307/2 од 26.01.2024 година.

Согласно член 35 став (9) од Законот за регистар на задолжително социјално осигурување („Службен весник на „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23), и Решението, Работното тело поднесен е Полугодишен Извештај за работата на Работното тело за имплементација на Регистер за задолжително социјално осигурување за период од февруари-јули 2024 година до кабинет на Министерот за социјална политика, демографија и млади, кабинет на Заменик министерот и Државниот секретар.

Изготвен и донесен е Правилникот за изменување на Правилникот за образецот на барањето и потребната документација за утврдување на стаж на осигурување со зголемено траење, образецот на барањето и потребната документација за исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд, образецот на барањето и потребната документација за остварување на право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување, барањето и потребната документација за утврдување на инвалидност, образецот на предлогот за утврдување на инвалидност од надлежниот матичен лекар и предлогот за утврдување на инвалидност од лекарската комисија на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна и образецот на предлогот на работодавачот за утврдување на инвалидност на осигуреникот („Службен весник на РСМ“ бр. 19/24).

Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РСМ“, бр. 193 од 18.9.2024 година)

<u>Други активности</u>

- По овластување на министер, сектор за ПИО продолжи да постапи по предмети во втор степен по права од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци.
- Изготвување на делот од секторот за ПИО за СП 2025-2027 на МСПДМ и ГП 2025 на МСПДМ

**Доставени се мислења за:**

- Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 116 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со број У.бр.79/2023 од 06.06.2023 година
- Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 242 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со број У.бр.6/24 /2023 од 25.01.2024 година
- Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 17 и член 127 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со број У.бр. 08/2024 од 22.01.2024 година
- Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 141 став 4 и член 143 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со број У. бр. 155/24 од 19.04.2024 година
- Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 140 став 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со број У.бр. 156/24 од 17.04.2024 година
- Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 3 од Правилникот за образецот на барањето и потребната документација за утврдување на стаж на осигурувањето со зголемено траење, образецот на барањето и

потребната документација за исплата на посмртна помош од средствата од солидарен фонд, образецот на барањето и потребната документација за остварување на право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување, барањето и потребната документација за утврдување на инвалидност, образецот на предлогот за утврдување на инвалидност од лекарската комисија на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2023 и 19/2024),со број У.бр.162/2024.

- Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 115, 116, и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23), со број У.бр.196/2024.

-- Мислење по Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,

- Мислење со наслов "Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви јануари до 31-вви март 2024 година"

- Мислење со наслов "Предлог - Одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија - хотел Борец - Битола"

- Мислење по Предлог - Одлука за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

- Мислење по Иницијативата под У.бр.162/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 3 од Правилникот за образецот на барањето и потребната документација за утврдување на стаж на осигурувањето со зголемено траење, образецот на барањето и потребната документација за исплата на посмртна помош од средствата од солидарен фонд, образецот на барањето и потребната документација за остварување на право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување, барањето и потребната документација за утврдување на инвалидност, образецот на предлогот за утврдување на инвалидност од лекарската комисија на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2023 и 19/2024),

- Мислење по Иницијативата под У.бр.196/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 115, 116, и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13,

170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23)

Комисии:

- Во врска со работата на Комисијата за задолжителен контролен преглед на корисници на времена инвалидска/семејна пензија во ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ, сектор за ПИО ги процесираше месечните исплати до сектор за финансиски прашања.
- Тековни активности со Комисијата за билатерална соработка во областа за социјално осигурување.
- Согласно член 3 став (1) од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/13, 13/16 и 2/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 318/20 и 273/22), се објави јавен повик бр. 09-5267/1 на 06.08.2024 година за учество во работата на Комисија за ревизија за период од една година. Јавниот повик траеше пет работни дена од 06.08.2024 година до 13.08.2024 година. Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа за 2024 година. Со Решение бр. 09-5643/2 од 06.09.2024 година се формира нов состав на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа. Комисијата за ревизија работеше на ревизија на предмети од Комисија за оцена на работна способност на ФПИОСМ и Комисија за задолжителен контролен преглед од Институт за Медицина на труд.

Разгледани се и постапено е по 8 барања за упатени работници од други држави на привремена работа на територијата на РСМ, министерството како надлежен орган има издадено 8 согласности за упатени работници.

Разгледани се вкупно 584 предмети од страна на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност односно неспособност за работа.

Измена и дополнување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, согласно дадените забелешки од Државниот завод за ревизија.

Вклученост во СИАП активности:
- Мислење и учество во изготвување на *ТОР (Terms of Refernce) за SURS ICT System* и *ТОР (Terms of Refernce) за мониторнингот на имплементацијата на СУРС софтверот и за подготовка на техничката спецификација за прилагодување на софтверите на другите институции кон СУРС*
- Мислење по *ТОР (Terms of Refernce) за пилотирање на методологијата за проценка на попреченост*

- Мислење по Извештај за идни деловни процеси на ФПИОСМ и Документ за техничка модернизација на ФПИОСМ, испораки изготвени од експерти ангажирани преку СИАП проектот
- Мислење и учество во работата на испораката на ангажираниот експерт во СИАП за изготвување ревидирана листа на работни места со бенефициран стаж.
- Мислење по ТОР (Terms of Refernce) за пилотирање на методологијата за проценка на попреченост

## III. Заштита на децата

**Реализирани активности во 2024 година:**

До 30.06. 2024 година дадени се решенија за вршење на дејност згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на јавни установи за деца, објекти во состав, центри за ран детски развој, групи во други просторни услови и приватни детски градинки и тоа за:

**Објекти:**

1. Промена на капацитет и просторни услови- Велес „Димче Мирчев"-Дetелинки ,75 деца во 3 групи-Решение бр. 11-984/2 од 23.01.2024 г., вкупниот капацитет е 255 деца во 13 групи
2. Објект – Тетово „Младост"-Рилинџа, 154 деца во 10 групи-Решение бр.11-976/6 од 09.05.2024 г.
3. Дадено решение за Објект - Резја - Валбона 2001 во склоп на градинката Резја во Липково , Решение со бр. 11-1712/7 од 16.07.2024 Вкупниот капацитет ќе биде 174 во 9 воспитни групи
4. Дадено решение за пром.на просторни услови и капацитет во детска градинка 8 Април-Шуто Оризари -Решение со бр. 11-5282/4 од 18.09.2024, Вкупникот капацитет ќе биде 250 во 12 воспитни групи
5. Дадено решение за Промена на основач во детска градинка Малото славејче во општина Бослилово со Решение со бр.11-6509/4 од 12.11.2024 Вкупниот капацитет ќе биде 95 деца во 6 воспитни групи
6. Дадено решение за Објект во рамки на детска градинка Наша Иднина-Бајка во општина Прилеп со Решение со бр. 11-2659/11 од 04.11.2024 Вкупниот капацитет ќе биде 1253 деца во 58 воспитни групи

**Група во други просторни услови:**

1. Пехчево-с.Чифлик „7 Септември" 19 деца во 1 група-Решение бр. 11-1002/4 од 09.02.2024г,
2. Кавадарци-с.Дреново „Рада Поцева" 20 деца во 1 група-Решение бр. 11-2573/4 од 23.04.2024г,

3. Дадена согласност во општина Јегуновце-с.Вратница /Јаболчиња-Јегуновце за 40 деца во 2 групи /Согласност бр. 11-4371/5 од 18.07.2024 г.
4. 2. Дадена согласност во општина Штип-ООУ „Гоце Делчев" с.н.м. Три чешми во рамки на детска градинка Вера Циривири Трена-Штип за 20 деца во 1 група- Согласност бр. 11-1679/4 од 12.12.2024 г.

**Приватни детски градинки**

**Промена на просторни услови и капацитет, промена на основач и назив:**

Гостивар- „Гулдесте", 19 деца во 3 групи- Решение бр. 11-1026/2 од 26.01.2024г

1. Пром. на основач и назив на детска градинка Веселата Дружина Решение бр. 11-3496/3 од 21.05.2024
2. пром.на капацитет во општина Карпош на детска градинка Мајлс оф Смајлс /Решение за промена со бр.11-4358/4 од 10.07.2024
3. Пром.на седиште во Битола на детска градинка Мали генијалци/ Решение за промена со бр. 11-3450/4 од 12.11.2024
4. Дадено решение во општина Гостивар за детска градинка Гулдесте - Врапчиште за 36 деца во 2 групи /Решение бр. 11-6212/7 од 26.11.2024 година

**Проекти**

Информација доставена до Влада за проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2024 година.

Во јануари 2024 година до Владата на Северна Македонија, доставен е Предлог на Закон за изменување и дополнувања на Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија. Со предложените измени се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик[6] во делот на Глава 19 за: „Кривични дела против половата слобода и половиот морал". Истовремено, за надминување на проблемите кои се појавија при неговата досегашна примена, со измените се одредуваат институциите, кои се непосредно одговорни за примената на законот и постапките во делот на доставување на потребните податоци кои треба да бидат внесени во Регистарот кој го води Заводот за социјални дејности.

[6] „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.36/23

Во насока на поддршка на системот за загрижување на деца од 29 до 31 јануари со поддршка на УНИЦЕФ одржани се обуки на: стручните работници кои работат во трите центри за поддршка на згрижувачки семејства, за зајкнување на компетенциите на згрижувачите за грижа, справување со деца со попреченост и децата со развојни трауматски искуства.

Во рамките на проектот „ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија" одржани се состаноци на работната група која е составена од преставници на релевантните министерства, граѓански и меѓународни организации при што е изготвена Нацрт верзија на сеопфатен Акцискиот план за правата на децата.

Донесена Информација за проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2024 година и

Нацрт верзија на сеопфатен Акцискиот план за правата на децата кој се планира да биде финализиран и донесен во втората половина на 2024 година.

1. Изготвена и донесена Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2025 година);
2. Изготвена и донесена Програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2025 година;
3. Изготвувен Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и
4. Изготвена и донесена Одлука за начинот на наплата на износот за „ДЕТСКА НЕДЕЛА" во првата недела од месец октомври.

## IV. Поддршка на развојот на Ромите

**Реализирани активности во 2024 година:**

Реализирани активности од 2024 година:

Согласно планираните 300 деца во ГП за 2024 година, опфатени се 260 деца Роми од семејства во социјален ризик или вкупно 87%, во 20 општини, заклучно со учебната септември 2023 - јуни 2024 .

Во учебната 2024/2025 година бројот на запишани деца Роми во јавните детски установи од 350 планирани во ГП деца, има вклучено вкупно 150 деца Роми од семејства во социјален ризик или вкупно 43%.

Согласно Проектот: "Инклузија на деца Роми во ЈОУДГ", согласно Заклучокот од Влада, МСПДМ, одржа средба со градоначалниците на општините и директорките на детските градинки кои се планирани да бидат дел од проектот. На средбата се потпишуваа трипартитните договори за соработка за проектот за учебната 2024/2025 година. Кон потпишување на договорите од вкупно 21 општини пристапија вкупно 18 општини, во иднина ќе се организираат дополнителни состаноци за потпишување на договорите за соработка.

Во периодот јануари – декември 2024 година, од страна на Ромските Информативни Центри дадени се вкупно 3144 услуги, со фокус на социјалните услуги од областа на социјална заштита – 2829 лица, 17 лица во здравствената заштита, домување - 26, образование - 199, вработување – 8 лица, за лична документација – 62 лица и друго – 3.

Заклучно декември 2024 година функционираат 4 Ромски Информативни Центри во Гостивар, Неготино, Битола и Шуто Оризари и остануваат за трансформација уште 5 лица во Центрите за социјална работа.

Заклучно со ноември 2024 година, во рамките на имплементација на Законот за измена и дополнување на Законот за матичната евиденција („Службен весник на РСМ" бр.129/23), извршени се вкупно 461 дополнителни уписи во редовната матична книга на родените за лица од оваа ранлива категорија (223 женски, 238 машки).

Од дополнителни 461 лице, 296 лица веќе имаат единствен матичен број, односно се запишани комплетно во матична книга на евиденција.

Во рамки на Националниот Акционен План за жените и девојчињата Ромки, со поддршка на средства од Европската комисија, во партнерство со Министерството за социјална политика, демографија и млади се одржаа два настани:

Јавна дискусија за Повеќекратна и Интер секциска дискриминација и пристапот до правда со посебен фокус на жените и девојчињата Ромки.

Одржана дводневна работилница за „Социјално домување" како дел од Програмата за билатерална соработка помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади и Сојузното Министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачи на Република Австрија.

## 1.11.3.ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Оваа програма е составена од две потпрограми:

- Унапредување на родовата еднаквост и
- Превенција и заштита од сите форми на дискриминација.

## I. Унапредување на родовата еднаквост

**Реализирани активности во 2024 година:**

Изработен Извештај за Родово одговорно буџетирање за 2023 за мерката „Поддршката за креирање нови работни места„ од Оперативниот план за вработување.

Извештај за сублимирани и реализирани активности, мерки и мерливи индикатори кои се со родов концепт во 2023 година како дел од Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година и Извештај на сублимирани и планирани активности, мерки и мерливи индикатори кои се со родов концепт во тековната буџетска година 2024 година.

Според Методологијата за РОБ, институциите кои се вклучени во процесот на РОБ до МСПДМ - СЕМ доставиле 17 извештаи/изјави на РОЕ (министерства и агенции ) за програмите кои ги следат.

Изработен оперативен план за родова еднаквост за 2024.

Реализирана дводневна обука за 25 стручните лица од 24 центри за социјална работа на тема „Спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство".

Изработена Евалуација на Акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција 2018-2023.

Одржани две обуки со вкупно 75 учесници за постапување по новите Стандардни оперативни процедури, за постапување со жртви на трговија со луѓе и најдобар интерес на децата жртви на ТЛ.

Усвоен Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите.

Подготвувањето на Национален акциски план за родова еднаквост 2025-2027 – е во тек.

Усвоен Годишен извештај на Интер-ресорската советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година.

Усвоен Годишен извештај за 2022 и 2023 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и НАП за родова еднаквост 2022- 2024.

Реализирана обука со претставници од Центрите за социјална работа, за градење на капацитетите во борбата против трговијата со луѓе, со вкупно 21 учесник од кои 3 мажи и 18 жени.

Реализирана работна средба со 5 мобилните тимови вкупно 30 учесници за спроведување на Програмата за работа на мобилните тимови за идентификација на ранливи категории на граѓани вклучително и жртви од трговија со луѓе и дискутирање за трендови и специфичности во постапувањето во насока на унапредување на теренската работа.

Реализирана обука наменета за: стручните соработници, наставниците, воспитувачи и негувателки од предучилишните установи и основните училишта на територијата на општината Кисела Вода, присуствуваа на обуката 155 учесници.

Реализирана мулти секторската обука за препознавање и постапување во случаи на жени жртви на насилство и семејно насилство. Учесници на обуката беа: стручни лица од ЈУ МЦСР Скопје, полициски службеници од СВР Скопје, здравствени работници и граѓански организации од територијата на град Скопје.

Реализирана обука за работа со сторители на семејно насилство, наменета за стручните лица од центрите за социјална работа кои ја имаат поминато обуката во 2023 година.

Отпочната постапка за подготовка на Стратегија и Национален акциски план за спроведување на Конвенција на Совет на Европа за борба против насилство врз жени и семејно насилство за зајакнати капацитетите 2024 -2027. Со работната група утврдена е методологијата за изготвување на стратегијата.

**Документи:**

Изготвена нацрт верзија за - Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот за обучени лица за спроведување на почетна и континуирана едукација за родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство.

Изготвена нацрт верзија за Правилникот за начинот на издавање согласност на програмата на почетна и континуирана едукација за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство.

Изготвена нацрт верзија од Правилникот за формата, содржината и начинот на интегрирано прибирање на податоците, внесувањето на податоците во системот за социјална права и услуги.

Донесена Програма за реинтеграција на жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство.

Имплементиран Годишен план и програма за работа на Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2024 година.

Реализирани обуки за родово одговорно буџетирање, согласно Годишен план и програма за работа на Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2024 година, на кои учествувале 131 административен службеник од кои 115 се жени и 16 мажи.

Прибирани се родово разделени статистички податоци, за лица кои поминаа обуки, согласно Планот и Програмата за обуки на Ресурсниот центар за обуки за 2023 и 2024 година, согласно Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024.

Подготвен драфт Правилник за родово одговорно буџетирање заедно со Министерство за Финансии согласно Закон за буџети.

Усвоен Е Годишен извештај на Интер-ресорската советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите.

**II. Превенција и заштита од сите форми на дискриминација**

**Реализирани активности во 2024 година:**

Реализирани се обуки на службениците во јавниот сектор, за препознавањето на формите на дискриминација, промовирање на еднаквите можности со претставници од ЕЛС во Скопје и Берово, Охрид, Дојран и Крушево согласно обврските кои произлегуваат од членот 3 на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Изработен Годишен извештај за 2023 година, за спроведување на акцискиот план на националната стратегијата за еднаквост и недискриминација 2022-2026, се чека усвојување на извештајот од страна на НКТво тек е формирање на ново НКТ постапката е во Владина процедура.

## 1.11.4. УСОГЛАСУВАЊЕ СО СТАНДАРДИТЕ НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Ова програма е составена од две потпрограми и тоа:**

- Поддршка на процесот на Европска интеграција и меѓународна соработка и
- Инструмент за претпристапна помош.

**I Поддршка на процесот на европска интеграција и меѓународна соработка**

**Реализирани активности во 2024 година:**

Во април се достави годишен извештај за напредокот на РСМ во процесот на пристапување нон Европската Унија (т.е. придонесот кон Извештајот на Европската Комисија за РСМ за 2024 година). Во август се подготви надополнувањето на Придонесот кон Извештајот на Европската комисија за 2024 година за Поглавјето 3.19 Социјална политика и вработување, со прикажување на реализираните активности и остварените резултати во периодот од мај до август 2024 година.

Претставници на Министерството зедоа учество на 18-от состанок на Поткомитет за правда, слобода и безбедност (Скопје, 5-6.3.2024). Во февруари беше финализиран и се достави до Советот на Европа Единаесеттиот (ad-hoc) извештај на РСМ за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба, во рамките на кој беа доставени бараните информации и податоци кои се однесуваат на кризата во однос на порастот на трошоците за живот.

Се подготви редовниот Дванаесетти извештај на Република Северна Македонија за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба, кој дава информации за најновите состојби за прашањата од т.н. првата група на прифатени одредби (членовите 2. 3, 4, 5, 6 и 20) од Повелбата. Во декември 2024, Извештајот беше доставен до Совет на Европа.

Претставници од РСМ учествуваа на Конференцијата на високо ниво за Европската социјална повелба, која се одржа во Вилнус, Литванија, а во организација на Советот на Европа (СЕ) и Владата на Литванија (како претседавач со СЕ). На конференцијата се усвои политичка декларација со која земјите-членки на Советот на Европа се обврзаа на конкретни чекори и напори за поддршка и подобрување на економско-социјалните права на граѓаните на Европа.

До Советот на Европа се доставија ажурираните информации за системите за социјална сигурност (MISSCEO) со состојба 1.1.2024, а за напредокот во системите на социјална заштита се извести на годишниот состанок на групата MISSCEO одржан во јуни 2024 година.

Во рамки на билатералната соработка со австриското Министерство за социјални прашања, здравство, нега и права на потрошувачите во јуни и октомври беа организирани три работилници за размена на искуства во областите социјално домување и услуги за поддршка на бездомните лица.

Во декември се изготви подготвителен материјал за претстојниот 20 состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика што ќе се одржи на 23 јануари 2025.

Беше доставен нацртот на Скрининг извештајот на Европската Комисија за кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст, кој го опфаќа и Поглавјето 19. Извештајот дава осврт на презентациите од билатералниот состанок за поглавје 3.19 Социјална политика и вработување одржан на 10-12 мај 2023, но и оценка на Комисијата и препораки за чекорите што треба да бидат преземени од земјата во преговорачкиот процес.

## II Инструмент за претпристапна помош

**Реализирани активности во 2024 година:**

ИПА Акциската програма 2017 „ЕУ поддршка на образованието, вработувањето и социјалната политика“ беше во последната година на имплементација, која заврши на 1.11.2024 година, при што се спроведоа преостанатите шест проекти. Како поважни постигнувања во рамки на оваа програма во 2024 година може да се издвои следново:

Центрите за вработување во соработка со центрите за социјална работа изработија планови за активација за 7.141 корисници на гарантирана минимална помош. Во рамки на проектот „Активација на ранливите лица на пазарот на трудот“, 2700 невработени лица, вклучувајќи и корисници на гарантирана минимална помош беа вклучени во активни мерки за вработување, а околу 1045 користеа психосоцијална поддршка и 1201 лица користеа менторска поддршка.

Министерството донесе решение според кое во објектот на градинката во Тетово изграден со поддршка на ИПА, може да започне да работи како клон на градинката „Младост“ во Тетово со капацитет за згрижување на 155 деца. Се спроведоа постапките за нејзино формално започнување со работа, вклучувајќи и кадровско екипирање. По извршениот технички прием на изградениот објект на градинката во Теарце, започнаа да се спроведуваат постапките за започнување со работа на градинката со капацитет за згрижување на 165 деца.

Во однос на ИПА програмата 2019, за акцијата „ЕУ за младите“ (Гаранцијата за млади), во мај 2024 беше поднесено барање за исплата на четвртата транша од 886,690 ЕУР до Европската Комисија, на што претходеше подготовка на извештај за самопроценка, вклучително и извештај за спроведување на Планот за гаранција за млади за 2022 и други документи. За успешно остварените таргети, Европската Комисија во целост ја исплати на Министерството за финансии побараната четврта транша.

Во однос на акцијата „ЕУ за инклузија“ завршија активностите во рамки на проектите од грантовата програма „ЕУ за Ромите и лицата кои живеат во длабока сиромаштија“, чија цел беше подобрување на условите за живот во ромските населби во Прилеп, Битола, Кичево, Штип и Берово. Проектот за реконструкција и опремување на ЈУ Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје, во Топанско поле, заврши со имплементација крајот на 2024 година и потоа следи период на отстранување на дефекти.

По однос на спроведување на планираните проекти од ИПА III Акцискиот документ „ЕУ за подобрено здравство, родова рамноправно и социјална политика“ (2022), беше објавен повикот за доделување грантови за поддршка на системот за безбедност и здравје при работа (објавен на 14.6.2024)7 и се спроведе јавната набавка за обезбедување техничка поддршка за подобрување на квалитет на социјалните услуги (објавен повик за тендер на 1.3.2024). Проектите е планирано да започнат со спроведување во правиот квартал од 2025 година. Повикот за доделување грантови за воспоставување на услуги за заштита од родово-базирано и семејно насилство е планирано да се објави во текот на првата половина од 2025 година.

Акциски документ „ЕУ за права и безбедност“, кој се финансира од програмската година 2024, е усвоен од страна на Европската Комисија на 28.4.2024 година и Финансиската спогодба помеѓу Владата на РСМ и Европската Комисија се потпиша на 1.10.2024 година. Оваа програма ќе овозможи спроведување на проекти за јакнење на услугите и меѓу-институционалната соработка за заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство и поддршка на правото на Ромите на домување. Се обезбеди поддршка на Делегацијата на ЕУ (договорен орган за оваа програма) при изработка на документацијата за проектот за поддршка на правото на Ромите на домување.

На 22.7.2024, Европската Комисија ја усвои ИПА Оперативна програма „ЕУ за човечки капитал“ 2024-2027. Поврзано со доделување на надлежностите за спроведување на оваа оперативна програма на Секторот за ЕУ програми и фондови во министерството (како Тело за управување), пакетот на изработените документи (процедури), беше доставен до Ревизорското тело за ИПА за оценка за

7 Проектот за поддршка на системот за безбедност и здравје при работа преминува во надлежноста на Министерството за економија и труд.

усогласеноста со критериумите од Регулативата за ИПА III. Имајќи ја предвид реорганизацијата на органите на државната управа од 10 јуни, и фактот што дел од проектите од оперативната програма се однесуваат на областа вработување, се наметна потребата од проширирување на ИПА структурата со формирање на Тело за посредување во управување со политиките во Министерството за економија и труд. Согласно со таа одлука се ревидира акредитацискиот пакет, според одредбите од регулативата за имплементација на ИПА III. Во декември, одговорниот Сектор за управување со средствата од ЕУ/ ИПА во Министерството за финансии повторно ја започна постапката за оценка на усогласеноста од страна на Ревизорското тело за ИПА, пред да се достави барањето за акредитација пред Европската Комисија, со цел за воспоставување на ИПА структурата за оперативната програма.
Министерството учествуваше во подготовката на Реформската агенда 2024-2027 која ќе добие поддршка од Инструментот за раст на Западен Балкан. Реформите за намалување на неформалното вработување, за воведување на гарантен механизам за заштита на работничките права во случај на несолвентност на работодавачот- ќе бидат поддржани со средства во износ од 18 мил. евра во периодот до 2027 година, во рамки на инстументот за раст на Западен Балкан8.
Се одржаа вториот состанок на 28.5.2024 и третиот состанок на 26.11.2024 на Секторскиот комитет за следење на кој се разгледа напредокот во имплементација на ИПА III програмите, опфаќајќи ги и ИПА II програмите.
На 16.5.2024 се одржаа 14-та пленарна сесија на Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика" на која се разгледа Извештајот за самооценка на имплементацијата на акцијата „ЕУ за младите" (ИПА 2019). На 21.11.2024 се одржа 15-та пленарна сесија на која се дискутираа приоритетите во областите образование, вработување и социјална политика и се презентираше и анализата за воведување на Европската гаранција за деца и Националниот план за права на детето 2024-2028.

### 1.11.5. ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ-ИЗГРАДБА, РЕНОВИРАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ИНФОРМАЦИСКО КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА

**Ова програма е составена од две потпрограми и тоа:**

- Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти
- Развој на информатичката технологија.

**I.Тековно – инвестиционо вложување- изградба, реновирање и опремување на објекти**

**Реализирање на активности согласно:**

8 Обрските по предвидените реформи преминуваат во Министерството за економија и труд.

- Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2024 година, од Сектор за детска заштита,
- Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2024 година, од Сектор за социјална Заштита,
- Проекти за Подобрувањање на социјалните услуги од Светска Банка и
- Проекти од Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка (ИПА II и ИПА III) и

**Реализирани активности во 2024 година – објекти за детска заштита**

- Набавена, испорачана и монтирана опрема за детска градинка во Општина Кавадарци с.Дреново и Општина Јегуновце с. Вратница – од Програма на Сектор за детска заштита;
- Изведени градежни работи за изградба на детска градинка, набавена и испорачана е опрема во Општина Свети Николе, с. Ерџелија, капацитет 69 деца – од Програма на Сектор за детска заштита;

**Активности во тек 2024 година – објекти од детска заштита од Програма на Сектор за детска заштита**

- Во тек се градежни работи за изградба на детски градинки и набавка, испорака и монтажа на опрема во: Општина Чаир - капацитет 350 деца; Општина Делчево - капацитет 130 деца; во Општина Могила - капацитет 36 деца – поради интервенција од страна за Завод за заштита на споменици во Битола, градбата беше привремено застаната но истата продолжи оваа година;
- Во тек се градежни работи за доградба на објект на детска градинка во: Општина Гевгелија, капацитет 135 деца; Општина Карбинци, с. Таринци-капацитет 51 деца и Општина Дебар,-капацитет 62 деца и
- Во тек се градежни работи за адаптација на простор во детска градинка во Општина Битола - капацитет 80 деца;
- Во тек се градежни работи за изградба на детска градинка со набавка, испорака и монтажа во Општина Битола – капацитет 149 деца;
- Во тек се постапки за комплетирање на документација за изградба на детски градинки во општините: Желино, Струга, Долнени, Гази Баба, Карпош и Валандово:

**Активности во тек 2024 година – објекти од социјална заштита од Програма на Сектор за социјална заштита**

- Во тек се градежни работи за изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во општина Кавадарци – комплетирање на документација од страна на О. Кавадарци;

- Во тек се градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект број 4 во ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки“ – Берово;

- Во тек се градежни работи за адаптација на простор за дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост во Општина Македонски Брод;

- Во тек се: набавка, испорака и монтажа на опрема за сензор соба во дневен центар за деца со телесна и ментална попреченост во рамки на ООУ „Петар Мусев“ во Богданци и ООУ „Кирил и Методиј“ во с. Стојаково и

- Во тек се постапки за комплетирање на документација за реконструкција, адаптација и пренамена на Ученички дом „Боро Менков“ во јавна општинска установа за вонсемејна заштита за стари лица во О.Крива Паланка, Изградба на јавна општинска установа за вонсемејна заштита за стари лица во О.Кавадарци, Изградба на центар за дневен престој за лица со попреченост во О. Боговиње.

- II.Развој **на информатичката технологија**

**Реализирани активности во 2024 година:**

-договор за одржување на серверска инфраструктура во МСПДМ;

-договор за превентивно одржување на агрегатот за производство на електрична енергија;

-договор за сервисирање и одржување на персонални компјутери, мултифункциски уреди, печатачи, скенери и свичови во МСПДМ;

-договор за одржување на апликацијата за избор на посвоител по електронски пат;

-договор за одржување на софтверот во Управата за прашања на борците и воените инвалиди;

-договор за одржување на апликацијата за евиденција на работното време и

-договор за одржување на информациониот систем за педагошка евиденција во градинките и центрите за ран детски развој.

-набавени се SSL сертификати за веб сајтовите на МСПДМ.

## 1.11.6. ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА МСПДМ ЗА 2024 ГОДИНА

**Извршување на Буџетот и управување со средства**

Реализацијата на Буџетот се одвива со предвидена динамика на заостанатите и преземени обврски од 2023 година, редовни исплати на надоместоците според програми и потпрограми, врз основа на кои е донесен и усвоен Буџетот на министерствотоза прва и втора буџетска линија

Исплата на права од социјална заштита; Гарантирана минимална помош ГМП; Надоместок заради попреченост; Траен надоместок; Социјална парична помош; Паричен надоместок за помош и нега од друго лице; Постојана парична помош; Еднократна парична помош и помош во натура; Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот; Додаток за мобилност и слепило; Додаток за глувост; Сместување во загрижувачко семејство; Право на здравствена заштита; Цивилна инвалиднина; Парична помош за социјално домување; СПП Азиланти; Азиланти домување; Парична помош за згрижувач; Парична помош за студирање; Парична помош на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа; Субвенции за електрична енергија; Исплата на права од заштита на децата; Детски додаток; Посебен додаток; ЕПП за новороденче; Родителски додаток за дете; Додаток за образование; Партиципација; Исплати чија основаност е во соодветни програми со одредена намена; Трансферите кон ПИОМ и АВРМ; Трансферите за Фондот за здравствено осигурување; Поврат на придонесите од плати за заштитните организации кои имаат вработено инвалидни лица; Исплата на средства по основ на закон од областа на законот за боречко инвалидска заштита; Бесплатно зимување на деца од социјален ризик; Плати и надоместоци за вработените; Плати и надоместоци за ЈУ МЦСР-ти и Јавни установи, Блок дотации за старски домови (плата и материјални трошоци); Плата за детски градинки и материјални трошоци за детските градинки; Материјални трошоци, тековно инвестиционо одржување и други исплати предвидени со Буџетот и буџетските планови; Исплата на комисии; Исплата на проекти; Подготовка на налози за исплата на права за домување и сместување на внатрешно раселени лица; Финансирање на годишни активности на Црвен Крст; Финансирање на годишни програмски активности на Национален совет на инвалидски организации на Македонија, националните инвалидски организации и Национално координативно тело за еднакви права на лица со инвалидност од приходите од игри на среќа и од забавни игри; Исплата на Центар за помош на лица со ментален хендикеп ПОРАКА-НЕГОТИНО, Финансирање на Проект на здружение на граѓани за заштита на жртви на семејно насилство; Проект Центар за интеграција на бегалци и странци финансиран од УНХЦР; Исплата на здравствена заштита за корисници од социјална заштита и за корисници со статус на бегалци; Исплата на паричен надомест за финансиска помош (за корисници на минимална плата); Поврат на средства од трансакциските сметки на корисници на права; Пренасочување на средства од трансакциските сметки на корисници на права; Исплата на помирувачи (арбитри) во врска со мирно решавање на работни спорови; Денарска и девизна благајна и бензински бонови за ПРОЕКТИТЕ на министерството; Финансиска поддршка за најранливите категории на граѓани за период од 5 месеци како поддршка за надминување

на потешкотиите во услови на зголемени трошоци за живот, како и продолжените ефекти од енергетската криза и стабилизирање на ценовната криза (самохрани родители-корисници на гарантирана минимална помош) ; Финансиска поддршка за најранливите категории на граѓани, за период од 5 месеци како поддршка за надминување на потешкотиите во услови на зголемени трошоци за живот, како и продолжените ефекти од енергетската криза и стабилизирање на ценовната криза (корисници на надоместоци заради попреченост); Финансиска поддршка за најранливите категории на граѓани, за период од 5 месеци како поддршка за надминување на потешкотиите во услови на зголемени трошоци за живот, како и продолжените ефекти од енергетската криза и стабилизирање на ценовната криза (родители на деца со попреченост до 26 години, кои користат посебен додаток.

**Управување со човечки ресурси**

**Реализирани активности во 2024 година:**

Во првата половина на 2024 година е спроведено полугодишното интервју со административните службеници; Изработени се и доставени извештаи за реализирани обуки и за реализирани вработувања и унапредувања за втората половина на 2023 година како и извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници.

Во втората половина на 2024 година е започнато спроведување на Годишниот план за вработување за 2024 година со објавување на јавен и интерен оглас; Донесен е Годишен план за вработување за 2025 година; Спроведено е оценувањето на административните службеници, истотака спроведени се и сите активностите согласно последната измена на Законот за организирање и работа на органите на државната управа (преземање на вработените од Агенцијата за млади и спорт-Сектор млади).

**Внатрешна ревизија**

**Реализирани активности во 2024 година:**

-Изготвен е Стратешкиот план за внатрешна ревизија во МТСП за периодот 2024–2026 година и Годишниот план за внатрешна ревизија во МТСП за 2024 година,

-Изготвен е Годишен извештај за Внатрешна ревизија кој е составен дел од целосниот извештај за МТСП за 2023 година,

- Дадени се квартални извештаи за Сектор за стратешко планирање,

- Извршена е ревизија на постапката за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје служба Карпош,

- Извршена е ревизија процесот на управување со ризици во Министерство за труд и социјална политика,

-Извршена е ревизија на постапката за остварување на право на додаток за образование за 2023 година во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица,

- Вонредна ревизија во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје,

-Вонредна ревизија во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола

-Издавање на Ревизорски меморандум за спроведена вонредна ревизија во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје служба за брак и семејство и заштита од семејно насилство,

-Издавање на Ревизорски меморандум за спроведена вонредна ревизија во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола,

-Следење на дадените препораки со Акционен план за 2023 година,

-Извршување на ревизија на системот за внатрешна контрола во Сектор за европска интеграција при Министерство за труд и социјална политика за ИПА II,

-Изготвување на Стратешки план и Годишен план за 2025-2027 година,

-Постапување по дописи разно.

**Правни, општи и заеднички работи**

**Реализирани активности во 2024 година:**

Изготвени се одлуки, решенија, договори, спогодби, посебни договори по член 252 од ЗРО и договори за дело, решенија за отпремнина, слободни денови по основ на закон и колективен договор, известувања и наредби за вработени, решенија за именување и разрешување на директори и в.д. директори на ЈУМЦСР и Установи од областа на социјалната заштита во РСМ, полномошна, овластувања и други акти кои произлегуваат од секојдневната работа, приговори против налози за извршување, одговори на тужби, жалби и други правни поднесоци од трети лица и вработени, одговори на платни налози по барање на Државното правобранителство на РСМ, тужби и жалби во кои МСПДМ е страна во спорот, кривични предмети по барање на ОЈО, иницијативи и преставки од ОЈО, Народен правобранител, Хелсеншки комитет и други институции.

Изработени се одлуки за давање на трајно и времено користење на движни и недвижни ствари, сопственост на РСМ, со корисничко право или на МСПДМ или на други институции и одлуки за отпис на движни ствари сопственост на МСПДМ согласно закон. Дадени се правни мислења по побарани мислења од страна на Влада на РСМ.

Изработени се тековни документи и предмети поврзани со правни работи во секторот (барања, потврди, известувања, претставки и одговори на претставки и сл.)

Изготвени се: Листа на архивска граѓа од трајна вредност, листа на документиран материјал со рокови на негово чување, овластувања за ракување и работа со печати и штенбили согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивската граѓа во канцеларискoто и архивското работење, како и овластувања за отворање на пошта, План за архивски знаци за распоредување на актите, овластувања за ракување и работа со печати и штенбили согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивската граѓа во канцеларискoто и архивското работење, како и овластувања за отворање на пошта, Програма за неработни денови.

Изготвени се Извештаји за Преставки и предлози до МИОА за периодот од 01.01-30.06.2024 и 01.07.2024-31.12.2024.

# *1.12. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА*

## ПРОГРАМИ И ПОТПРОГРАМИ

| 1.12. 1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА Демографија, миграции и млади |
|---|
| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата во 2024-2028 година:**<br>Економско заживување на земјата, унапредување на енергетска транзиција, поттикнување на силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого.<br><br>**Како и приоритетните цели од оваа одлука:**<br>-Развој на демографски политики со фокус на младите, поттикнување на повратни миграции, поддршка и заштита на семејствата и унапредување на системот од областа на заштита на децата, со цел ублажување на негативните демографски трендови;<br>-Подобрување на младинската инфраструктура, младинско организирање и учество во носење на одлуки и политики |
| 2. НПАА:<br>3.02. Слободно движење на работници<br>3.19 Социјална политика и вработување<br>3.26 Образование и култура - дел: Млади |
| 3. **Стратешки приоритети на органот на државната управа (МСПДМ):**<br>• Планирање на семејството<br>• Подготовка на развојот на демографската политика и политиката поврзана со миграциите<br>• Преземање активности за создавање услови за задржување во државата на способните и талентирани млади, како и создавањето услови за стимулирање на нивното враќање<br>• Подготовка и развојот на политиката за млади<br>• Грижа за психофизичкиот развој на младите и нивната заштита<br>• Поттикнување и помагање на формите на младинско организирање |

- Поттикнување на вработливоста на младите

**3.1. Цели на органот на државната управа (МСПДМ):**

- Креирање и спроведување на демографски и миграциски политики, како и политики за млади
- зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога;
- промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување на одлуки и политики; поддршка и унапредување на младинското организирање;
- поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво, поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите;

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:**<br>**ДЕМОГРАФИЈА, МИГРАЦИИ И МЛАДИ** | Цел на Програмата:<br>Демографски и миграциски политики, со посебен фокус на младите и на поттикнување на повратните миграции, како дел од напорите за соочување со тековните демографски предизвици. |
| Програмата е: X хоризонтална | " вертикална |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата:**<br>ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ И МИГРАЦИИ<br>МЛАДИ | |

| | |
|---|---|
| **Назив на потпрограмата:**<br>**Демографски развој и миграции** | **Цел на Потпрограмата**<br>Подобрување на негативните демографски трендови преку спроведување политики кои директно или индиректно ќе влијаат на целокупниот развој во РСМ |
| Показатели за успех на Потпрограмата:<br>- Одржливи трендови на демографски развој со фокус на миграции и млади<br>- Донесени стратешки документи за демографски политики и политики за миграции | |

| | |
|---|---|
| - Зајакнати капацитети на вработените<br>- Промоција на стратешките документи<br>- Формирано национално координативно тело за демографија и миграции<br>- Подобрена координација и следење на реализацијата на политиките за демографија и миграции | |
| Програмата е: Х хоризонтална | вертикална |
| Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата: | |
| Резултат 1: Развивање на стратешки документи за демографски политики и политики за миграции | Показател за успешност:<br>Формирана Меѓуресорска работна група за стратешки плански документи за демографија и миграции<br>Подготвена Стратегија за демографски развој 2025-2035<br>Подготвен акциски план за Стратегија за демографски развој 2025-2027<br>Подготвена Стратегија за интеграција на бегалци и странци 2025-2030<br>Подготвен АП за Стратегија за интеграција на бегалци и странци 2025-2027 |
| Резултат 2:<br>Зајакнати капацитети на вработените за спроведување, оценување и следење на резултатите и ефектите од стратешките приоритети за справување со демографските предизвици | Показател за успешност:<br>Број на нововработени и распределени лица од областа на демографија и миграции<br>Број на реализирани тренинзи и обуки за вработените |
| Резултат 3:<br>Воспоставување на координативни тела за демографија и миграции | Показател за успешност:<br><br>Формирано Национално Координативно тело за следење на имплементација на демографска и миграциска политика<br>Формирано меѓуресорско тело за политики на интеграција на бегалци и странци |

Б: План за спроведување на Потпрограмата

Резултат 1 План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултиран и | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | почеток | Крај | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| Доставување до ВРСМ на Предлог -Одлука со Решение за формирање на Меѓуресорска работна група за стратешки плански документи за демографија и миграции | МСПДМ, ВЛАДА НА РСМ | Сите засегнати страни и надлежни институции/ стручна јавност | 02/2025 | 06/2025 | | / | / | | | |
| Одржување на 6 работилници и 2 јавни дебати за подготовка стратешки плански документи за демографски политики и политики за миграции согласно приоритетите во НРС (по 3 работилници и 1 јавна дебата годишно, 2025 и 2026) | МСПДМ | Сите засегнати страни и надлежни институции | 2/2025 | 12/2026 | Меѓу ресорска работна група | | | 1.000.000 МСПДМ и други извори на финансирање УНФПА и други | 1.000.000 МСПДМ и други извори на финасирање УНФПА и други | |
| Подготвување на | МСПДМ | Сите | 01/2025 | 06/202 | Меѓу | | | УНФПА | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стратегија за демографски развој 2025-2035 со Акциски план 2026-2027 | | засегнати страни и надлежни институции, УНФПА | | 5 | ресорска работна група | | | | | |
| Подготовка на Стратегија за интеграција на бегалци и странци 2025-2030 со Акциски план 2026-2027 | МСПДМ | Сите надлежни институции во координација со ООН и УНХЦР | 08/2025 | 11/2025 | МСПДМ | | | Со поддршка на УНХЦР и ООН/други извори | | |
| Промоција на стратешките документи преку алатка за промоција (кампањи и промотивни материјали) | МСПДМ | Сите засегнати страни и надлежни институции | 8/2025 | 12/2027 | МСПДМ | | | МСПДМ 120.000 / донатори | МСПДМ 120.000 / донатори | МСПДМ 120.000 / донатори |
| Вкупно активности во тековната година (2025): 5 | | | | | | | | 1.120.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 2 | | | | | | | | | 1.120.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 1 | | | | | | | | | | 120.000 |
| Вкупно за резултат 1:8 | | | 01/2025 | 12/2027 | | | | 1.120.000 | 1.120.000 | |

Б: План за спроведување на Потпрограмата

Резултат 2 План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | финансиски МКД |

| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места | МСПДМ | | 01/2025 | 05/2025 | | | | / | / | / |
| Ангажирање на вработени/распределување во секторот за демографија и миграции во рамки на МСПДМ (Интерна прераспределба на два раководители на одделенија, раководител на одделение, 2 советници - 2025) | МСПДМ | МФ, МА | 3/2025 | 12/2025 | | / | / | МСПДМ Ставка 401 и 402 | / | / |
| Организирање на обуки со ментори за јакнење на капацитетите на вработените во Секторот за демографија и миграции (најмалку 3 годишно) | МСПДМ | Вработените во секторот, стручната јавност, странски партнери и донатори | 3/2025 | 12/2027 | | | | 250.000 МСПДМ други и извори на финансирање УНФПА и други партнери | 250.000 МСПДМ други и извори на финансирање УНФПА и други партнери | 250.000 МСПДМ други и извори на финансирање УНФПА и други партнери |
| Вкупно активности во тековната година (2025): 3 | | | | | | | | 250.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 1 | | | | | | | | | 250.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 1 | | | | | | | | | | 250.000 |
| Вкупно за резултат 3: | 5 | | 01/2025 | 12/2027 | | | | 250.000 | 250.000 | 250.000 |

Б: План за спроведување на Потпрограмата

Резултат 3 План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | почеток | Крај | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| Формирање на Национално Координативно тело за следење на имплементација на демографска и миграциска политика | МСПДМ, ВЛАДА НА РСМ | | 8/2025 | 09/2025 | Вработени лица МСПДМ | | | | | |
| Одржување на конститутизна седница на НКТ следење на имплементација на демографска и миграциска политика | МСПДМ,ВЛАДА НА РСМ, | Граѓански организации, стручна јавност и други засегнати страни | 10/2025 | 11/2025 | 2 лица од МСПДМ | | | | | |
| Подготовка на Деловник за работа на НКТ следење на имплементација на демографска и миграциска | МСПДМ, ВЛАДА НА РСМ | | 10/2025 | 12/2025 | Вработени МСПДМ | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| политика | | | | | | | | | | |
| Формирање на меѓуресорско тело за политики на интеграција на бегалци и странци | МСПДМ, ЕЛАДА НА РСМ | Сите засегнати страни | 08/2025 | 09/2025 | Вработени МСПДМ и други институции | | | | | |
| Одржување на конститутивна седница на меѓуресорско тело за политики на интеграција на бегалци и странци | МСПДМ, ЕЛАДА НА РСМ | Граѓански организации, стручна јавност и други засегнати страни | 10/2025 | 11/2025 | 2 лица од МСПДМ | | | | | |
| Подготовка на Деловник за работа на меѓуресорско тело за политики на интеграција на бегалци и странци | МСПДМ, ВЛАДА НА РСМ | | 10/2025 | 12/2025 | Вработени МСПДМ | | | | | |
| Вкупно активности во тековната година (2025): 6 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 0 | | | | | | | | | / | |
| Вкупно активности во година (2027): 0 | | | | | | | | | | / |
| Вкупно за резултат 3: | 6 | | 08/2025 | 12/2025 | | | | | | |

<table>
<tr><td>Назив на Потпрограмата:<br>Младинско учество во носење на одлуки и младинска работа</td><td>Цел на Потпрограмата:<br>Зголемено учеството на младите во процесот на донесување на одлуки и подобрен квалитет на младинската работа</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показатели за успех на Потпрограма:<br>- Ново оформени ЛМС во општините, секоја година по 20 за периодот 2025-2027<br>- Воспоставени механизмите за учество на младите во процеси на донесување на одлуки, 10 институции на локално, 10 институции на централно ниво<br>- Формирано Национално советодавно тело<br>- Зајакната соработка со форми на младинско организирање<br>- Донесен Закон за младинска работа<br>- Број на отворени сервиси за млади во општините</td></tr>
<tr><td>Програмата е: X хоризонтална</td><td>вертикална</td></tr>
<tr><td colspan="2">Очекувани резултати (компоненти) од Потпрограмата :</td></tr>
<tr><td>Резултат 1:<br>Новоформени Локални младински совети</td><td>Показател за успешност:<br>- Донесена одлука за формирање на ЛМС од страна на 20 Совети на годишно ниво<br>- Број на одржани седници на новоформираните ЛМС</td></tr>
<tr><td>Резултат 2:<br>Зајакнати капацитети на членовите на ЛМС и службениците за млади</td><td>Показател за успешност:<br>- Одржани 2 обуки на годишно ниво за градење на вештини за застапување и јавно говорење за членови на ЛМС и службениците за млади<br>- Поднесени 10 нови иницијативи со препораки за младински потреби до советите на ЕЛС.<br>- Број на реализирани активности од страна на ЛМС<br>- Донесен Каталог на обуки за службеници за млади<br>- Одржани 2 обуки за службеници за млади годишно</td></tr>
<tr><td>Резултат 3:<br>Одржано конститутивно Собрание на млади и донесена одлука од страна на Владата за формирање на НСТ</td><td>Показател за успешност:<br>- Донесена одлука за претставници на младите во Националното советодавно тело</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | - Донесена одлука од страна на Влада на РСМ на НСТ |
